# Прва интернационална конференција на високите школи и факултети од областа на сестринството

Битола 30-31 Мај 2014

# First International Conference of Nursing Colleges and Faculties

Bitola 30-31 May 2014



# ЗБОРНИК НА АБСТРАКТИ

# ABSTRACT BOOK



МАКЕДОНСКО
СЕСТРИНСТВО
Macedonian Journal of Nursing

ПРВА
ИНТЕРНАЦИОНАЛНА
КОНФЕРЕНЦИЈА
НА ВИСОКИТЕ
ШКОЛИ И ФАКУЛТЕТИ
ОД ОБЛАСТА НА
СЕСТРИНСТВОТО
БИТОЛА 30-31 МАЈ 2014

- ПРОВЕРКА НА РАКУВАЊЕТО СО ОСТРИ ПРЕДМЕТИ КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ ВО БОЛНИЦА
- ДЕПРЕСИВНОСТ И РЕЗИЛИЕНТНОСТ КАЈ ЖЕНИ ЛЕКУВАНИ ОД РАК НА ДОЈКА
- ИНТРАХОСПИТАЛНИ ИНФЕКЦИИ ВО ЈЗУ„ ОПШТА БОЛНИЦА" СТРУМИЦА
- СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ
- УЛОГАТА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО ТРЕТМАНОТ НА БОЛНИ СО ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНИ ИНСУЛТИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП
- ПРЕВЕНЦИЈА НА ЦЕРВИКАЛЕН КАРЦИНОМ

Македонско сестринство година 1 број 1 Битола, мај 2014

ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
Прва интернационална конференција на високите школи и факултети од областа на сестринството, Битола 30-31 Мај 2014

Додаток кон првиот број на списанието
МАКЕДОНСКО СЕСТРИНСТВО

ABSTRACT BOOK
First International Conference of Nursing Colleges and Faculties, Bitola 30-31 May 2014

Supplement to the first issue of
MACEDONIAN JOURNAL OF NURSING

## O-101
## НЕЕДНАКВОСТ ВО НИВОТО НА ЗНАЕЊЕ ЗА КАРЦИНОМ НА ГРЛО НА МАТКА

Лилјана Антиќ, Драган Антиќ, Христос Алексопулос
Студиски оддел за стручна медицинска сестра акушерка, Висока медицинска школа за стручни студии, Ћуприја

Вовед: Нивото на знаење на акушерките е мошне значајно, заради нивната улога во програмите за превенција на цервикалниот карцином.
Цел: Целта на овој труд е да се испитаат разликите во нивото на знаење за цервикалниот карцином меѓу пациентките, студентките по здравствена нега и акушерките.
Методологија: Испитувањето е спроведено како студија на пресек. Испитанички се студентки по здравствена нега, акушерки и жени кои доаѓале кај својот избран гинеколог.
Резултати: Жените во однос на студентките и акушерките, имаат пониско ниво на знаење за причинителите на цервикалниот карцином, причинителите на полните брадавици, типовите на HPV, скринингот за цервикален карцином, како и за целната популација за вакцинација и улогата на вакцината. Разликата во бројот на точни одговори кај испитаничките е статистички значајна, ($p<0.001$). Четири и повеќе точни одговори имаа 22,7% жени, 35.3% акушерки и 83.8% студентки.
Заклучок: Потребно е да се поттикнуваат идните, како и акушерките кои работат во пракса, за сите видови на едукација. Своите знаења би ги примениле адекватно во праксата и би влијаеле на зголемување на свеста на жените за превенција на цервикалниот карцином.
Клучни зборови: Рак на грлото на матката, HPV вакцина, студенти по здравствена нега, акушерки, знаење.

## O-102
## ПРЕКУ ПРЕВЕНЦИЈА НА ПАЃАЊА ДО ЦЕЛОСНА ГРИЖА ЗА ПОСТАРИТЕ ЛИЦА

Чедомирка Станојевиќ, Лилјана Миловиќ, Светлана Миљковиќ, Татјана Симовиќ, Ивана Вукосављевиќ
Висока медицинска школа за стручни студии Ћуприја, Република Србија

Вовед: Паѓањата претставуваат значаен проблем на постарата популација. Тие често се поврзани со значаен морбидитет, високи трошоци за здравствена заштита и морталитет. На годишно ниво, на паѓања се изложени 28-35% од лицата постари од 65 години, односно 32-42% од лицата над 75 години. Кај лицата постари од 65 години паѓањата доведуваат до скршеници, во 5% од случаите, а 10% кај постарите од 75 години. Скршеницата на колкот се јавува во 1-2% од сите паѓања. Една четвртина од луѓето со скршеница на колк, умра во период од 6 месеци по повредата, а 40% од преживеаните имаат потреба од постојана нега и помош.
Цел: Да се прикаже етиологијата на паѓањата, можностите за проценка и мерките кои може да бидат ефикасни во превенцијата.
Материјали и методи: Применет е метод на ретроспективна анализа на стручни текстови, објавени по 2000-та година во стручната литература, достапни во електронска форма.
Резултати: Етиологијата на паѓањата е мултифакториелна. Факторите на ризик, најчесто се поделени на надворешни (средина) и внатрешни (физиолошки). Страв од паѓање и претходните паѓања се независни предикторни фактори во проценката на ризиците од паѓање. Неантиципирани паѓања се 8%. Бидејќи, паѓањата се резултат на интеракција на повеќе фактори, во нивна превенција се ефикасни мултифакториелните програми. Посебен предизвик во превенција на паѓањата е елиминирање на факторите на ризик, така што автономијата на единката и квалитетот на неговиот живот би останале сочувани.
Заклучок: Превенција од паѓања на постарите лица е комплексен јавно-здравствен проблем, кој бара активна поддршка од креаторите на здравствената и социјална политика, како и соработка на сите заинтересирани страни на локално и национално ниво. Проценка на ризиците и сеопфатни мултидимензионални програми за превенција, резултираат со намалување на паѓањата и повредите, и пониски вкупни трошоци за здравствената заштита.
Клучни зборови: Паѓања, фактори на ризик, програми за превенција.

PREVENTION OF FALLS, MORE COMPREHENSIVE CARE FOR THE ELDERLY

Čedomirka Stanojević, Ljiljana Milović, Svetlana Miljković, Tatjana Simović, Ivana Vukosavljević (1)
(1) High Medical School of Professional Studies Ćuprija

Introduction: Falls are a significant problem of the elderly population. They are often associated with significant morbidity, high healt care cost and mortality. Annually, fall experienced 28-35% of persons older than 65 years respectively 32-42% over 75 years. In persons older than 65 years, fractures occur in 5% of all cases of falls and in 10% older than 75 years. Hip fracture occurs in 1-2% of all falls. A quarter of people with hip fracture dies within six months after injury, and 40% of survivors require continuous care and support.
Objective: To describe the etiology of falls, opportunities for risk assessment, and measures that may be effective in prevention.
Materials and methods: Was applied method of retrospective analysis of expert texts published after 2000. year in the expert literature available in electronic form.
Results: The etiology of fall is the multifactorial. Risk factors are usually divided into external (ambiental) and inter-

nal (physiological). Fear of falling and previous falls were independent predictive factors in the assessment of the risk of falling. Unpredictable falls made 8% of all falls. How falls are resulting of the interaction of several factors, in their prevention are effective multifactorial programs. A particular challenge in the prevention of falls is the elimination of the risk factors so that the autonomy of the individual and his quality of life remain intact.
Conclusion: Prevention of falls of elderly persons is a complex public health problem that require the active support of the creator of health and social policy as well as the cooperation of all stakeholders at local and national level. Risk assessment and comprehensive multidimensional prevention programs, leads to reduction of falls and injuries and lowers overall health care costs.
Keywords: falls, risk factors, prevention programs

## O-103
## УРИНАРНА ИНКОНТИНЕНЦИЈА КАКО ДЕТЕРМИНАНТА ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ КАЈ СТАРИТЕ ЛУЃЕ

Ивана Вукосављевиќ, Татјана Симовиќ, Лилјана Миловиќ, Светлана Миљковиќ, Чедомирка Станојевиќ.
Висока медицинска школа за стручни студии Ћуприја, Република Србија

Вовед: Уринарна инконтиненција како неволно губење на урина е честа појава кај постарите лица. Се јавува кај двата пола, четири пати почесто кај жените. Може, како последица да се јави потреба од поставување на постојан катетер, инфекција на уринарниот тракт, неподвижност, паѓања и декубитуси, со значајно негативно влијание врз квалитетот на животот. Претставува значаен социо-медицински и економски проблем на општествената заедница. Се смета, дека 15-30% од неинституционализираните постари лица имаат инконтиненција, а повеќе од 50% се на долтрајна нега.
Цел: Да се прикаже можноста за превентивни мерки и рано откривање на ризик факторите за уринарна инконтиненција и нивната значајност, за соодветен третман и рехабилитација на постарите лица.
Методи: Применет е метод на ретроспективна анализа на стручни текстови објавени во стручната литература, достапни во електронска форма.
Резултати: Според податоците од истражување во Велика Британија, регистрирани се речиси 4 милиони луѓе со уринарна инконтиненција, додека во Германија, околу 5 милиони луѓе со овој проблем имаат потреба од медицинска помош и нега. Fultz и соработниците, укажуваат на често присуство на осаменост, тага и депресија кај лицата со уринарна инконтиненција. И покрај фактот дека, уринарната инконтиненција е чест здравствен проблем, кој има повеќекратно негативно влијание врз здравствениот и социјалниот аспект на животот и квалитетот на животот во целина, потврдено е дека, околу 70% од луѓето не бараат помош од здравствената служба, а како можни причини се предрасуди, недостаток на знаење за можните методи на лекување, страв од третманот и чувство на срам.
Заклучок: Уринарна инконтиненција може да се избегне и во значаен дел да се излекува. Затоа, неопходно е преку едукација на постарите лица, да се укаже на важноста на раното препознавање и навремено пријавување на проблемот, за да се избегне настанувањето на инконтиненција и да се спречат пропратните компликации.
Клучни зборови: Уринарна инконтиненција, фактори на ризик, третман, рехабилитација.

URINARY INCONTINENCE AS A DETERMINANT OF THE QUALITY OF THE LIFE OF THE ELDERLY

Ivana Vukosavljević, Tatjana Simović, Ljiljana Milović, Svetlana Miljković, Čedomirka Stanojević (1)
(1) Visoka medicinska škola strukovnih studija Ćuprija- Republika Srbija
Introduction: Urinary incontinence as an involuntary loss of urine is common in the elderly. Occurs in both sexes, but 4 times more often in women.Can result in a permanent of the catheter, urinary tract infection, immobility, falls and decubitus with significant negative impact on a quality of life. Represent on important sociomedical and economic problem of Society. His considered that 15 - 30% of the elderly who are not in an institution has incontinence and over 50% is of the ongoing care.
Purpose: Illustrate the possibility of prevention and early detection of risk factors for urinary incontinence and their importance for adequate treatment and rehabilitation of the elderly.
Working method: Method was applied retrospective analysis of texts published in the literature available in electronic form.
Results: According to the research in the UK is registered nearly 4 million people suffering from urinary incontinence, while in Germany is nearly 5 million people with this problem in need of medical assistance and care. Fultz and colleagues suggest more frequent presence of loneliness, sadness and depression in patient with urinary incontinence. Despite the fact that urinary incontinence is a common health problem that has multiple negative effects on the health and social aspects of living and quality of life in general, it was confirmed that about 70% of people do not ask for the help of the health services as possible reasons are prejudiced, lack of knowledge about possible methods of treatment, fear of treatment and a sence of shame.
Conclusion: Urinary incontinence can be avoided and in a significant part be cured. There for it is necessary to educate the elderly and point to the importance of early recognition and reporting problems in time to avoid the occurrence of incontinence and prevent related  complications.
Keywords: urinary incontinence, risk factors, treatment, rehabilitation.

## O-104
## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА НА СТУДЕНТИТЕ ПРЕКУ НИВНО ИНВОЛВИРАЊЕ ВО МЕНАЏИРАЊЕТО НА РИЗИК ФАКТОРИТЕ

Tatjana Simović1, Biljana Balov1, Čedomirka Stojanović1, Jelena Aleksandrić1, Marija Milić2
1 College of Health Studies in Ćuprija,
2 School of Medicine – University of Priština, Kosovska Mitrovica

Вовед: Менаџирањето на хроничните болести е предизвик за здравствените и социјалните структури на глобално ниво. Како резултат на тоа, образовните организации пронаоѓаат нови педагошки модели и практики со цел да ги подржат студентите во учење за подобрување на знаењеата и вештините во делот на ризик факторите и менаџирањето на хроничните болести, со што новите вештини и компетенции ќе бидат препознатливи за професиналците.
Цел: Да се процени квалитетот на образовен интензивен курс за менаџирање на ризик факторите преку вклучување на секој студент во квантификација на неговиот или нејзиниот секојдневен живот.
Методи: Истражување врз база на учење беше избрано како педагошка рамка на проектот. Со помош на наставниците, студентите го квантифицираа својот секојдневен живот во однос на инпутот (консумирање на храна, физичка активност, спиење стрес и социјалните врски), состојбата (расположение, возбуда, крен притисок) и изведбата (ментална и физичка).
Резултати: Студентите научија нови компетенции преку проценка на ризик факторите кои ги искусуваат во реалниот живот. Тие ја истакнаа врската помеѓу нивното сопствено однесување и здравствениот статус. Исто така, повеќето студенти (87,4%) сметаат дека сопственото следење е доста корисно за подобрување на здравјето.
Заклучок: Комбинацијата на персонално искуство за импактот на ризик факторите врз здравјето и методот на сопствено учење во срединта се покажа дека го збогати знаењето кај сите учесници.
Клучни зборови: Квантификација на секојдневниот живот, учење од искуства.

EMPOWERED EDUCATION OF STUDENTS THROUGH INVOLVEMENT IN RISK FAKTORS MENAGEMENT

Tatjana Simović1, Biljana Balov1, Čedomirka Stojanović1, Jelena Aleksandrić1, Marija Milić2
1 College of Health Studies in Ćuprija,
2 School of Medicine – University of Priština, Kosovska Mitrovica

Introduction: Chronic illness management is challenging health and social service systems globally. Consequently, educational organizations are challenged to find new pedagogical models and practices in order to support students in learning how to improved their knowledge and skills in the area of risk factors and chronic diseases management, so new skills and competences will be required from the professionals.
Aim: To assess the quality of educational intensive course in risk factors management through involvement of each student in quantification of his or her daily life. Ultimate goal was to find out by what means and to what extend self-tracking is useful for personal health.
Methods: Inquiry based learning was chosen as a pedagogical framework of the project. Facilitated by the teachers, the students quantified their own daily life in terms of inputs (e.g. food consumed, physical activities, sleep, stress and social interaction), states (mood, arousal, blood pressure), and performance (mental and physical). The project was conducted in October – December 2013 by teaching staff (4) and students (48). The process and results were evaluated by questionnaire completed by the students and teachers.
Results: Students learned new competences through impact assessment of risk factors they experienced in real life. They highlighted the link between their own behavior and health status. Also, majority of students (87,4%) considered that self-tracking is very useful for personal health improvement.
Conclusion: The combination of personal experience in risk factors impact on health and personal learning environment method has proved that it is enriching for all the participants.
Key words: Quantification of daily life, learning by experience

## O-105
## МИСЛЕЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА НАЈАДЕКВАТНИ ОБЛИЦИ НА НАСТАВА ВО ВРСКА СО ЕДУКАЦИЈАТА ОД ОБЛАСТА НА РАКОТ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Julijana Dinić, Tatjana Simović, Ljiljana Antić
Visoka medicinska škola strukovnih studija u Ćupriji

Вовед: Ракот на грлото на матката е едно од најраспространетите малигни заболувања во светот, во чие

настанување најголема улога игра инфекцијата со ХПВ (Хуман Папилома Вирус), која го фаворизира настанувањето на канцерогени лезии на грлото. Големо значење во примарната и секундарната превенција на ова заболување има адекватната едукација на студентите од оваа област. Во свет кој постојано се менува, неопходно е и прилагодување на наставниот процес и потребите за учење на студентите.
Цел: Целта на нашиот труд е проценка на мислењето на студентите за најефикасни методи на настава во врска со унапредување на знаењето и вештините во примарната и секундарната превенција на ракот на грлото на матката. Втората цел беше да се процени конкретното знаење на студентите за ракот на грлото на матката.
Методи: Студија на пресек е спроведна во март 2014 година. Испитувано е мислењето и ставовите на студентите од прва, втора и трета година на општата и акушерската насока. Инструмент на истражувањето беше прашалник. Испитани беа 130 студенти со анонимна анкета која содржеше 15 прашања. Прашањата се поделени во три тематски целини со кои се добиени податоци за методите на настава кои пружаат најдобро и најприменливо знаење за ракот на грлото на матката и неговата превенција.
Резултати: Поголем број на студенти (околу70%) сметаат дека методот на симулација беше најкорисен, а околу 56% сметаат за многу корисни и предавањата кои вклучуваат видео снимки, додека пленарните предавања и наставата која вклучува само мал број на студенти е проценета како најефикасен начин на пренесување на знаењето. Студентите од акушерската насока (околу81%) покажаа поголем квантум на знаење и информираност за карактеристиките на ракот на грлото на матката од студентите на општата насока (околу35%).
Заклучок: Предавањата кои вклучуваат активно учество на студентите, поттикнуваат размислување на студентите и ги инспирираат за поставување на прашања и барање на одговор, како и оние кои вклучуваат повеќе практична настава се доста покорисни од теоретското излагање на наставникот. За знаењата од областа на примарната и секундарната превенција на ракот на грлото на матката подобро да се усвојат и применат, неопходно е наставата да се прилагоди према потребите за учење на студентите, а посебно да се фокусира на студентите од општата насока за усвојување на знаења од оваа област и да ја препознаат својата активна улога во превенција на ракот на грлото на матката.
Клучни зборови: метод на настава, рак на грлото на матката

## О-106
## СИСТЕМ НА ЕДУКАЦИЈА ВО СЕКТОРОТ ЗА СЕСТРИНСТВО ВО БОЛНИЦАТА ST. MARY ВО ЈАПОНИЈА

Јулија Јовановска, Е. Костова.
Универзитетска Клиника за детски болести, Скопје, Р. Македонија

Според една голема, нова студија (Allison Bond, март, 2014), бројот и квалитетот на медицински сестри имаат значително влијаније врз морталитетот кај хоспитализираните пациенти, дури и ако се работи за сосема едноставна хируршка интервенција. Трудот ја претставува филозофијата на секторот за медицински сестри, бројот на медицински училишта во Јапонија, законот за јавно здравство, административните политики на акушерките и медицински сестри во болницата St. Mary, нивните цели, организација на секторот за медицински сестри, дефинирање на континуираната едукација и стручното образование, основната структура на програмата за развој на кариера во болницата (специјализирани медицински сестри, сертифицирани медицински сестри, медицински сестри на пониско ниво), систем на поддршка за новопримените медицински сестри, цели на обуката за новопримениот медицински персонал и нивните идни задачи.

THE EDUCATIONAL SYSTEM OF THE ST. MARY' S HOSPITAL NURSING DEPARTMENT - JAPAN

Julija Jovanovska, E. Kostova.
University Clinic for Children`s Diseases, Skopje, R. Macedonia

Both the quality and quantity of nurses on a hospital staff have significant inverse influences on the chances patients will die following even simple surgery, according to a large new study. (Allison Bond, March 10, 2014). Labor represents the philosophy of the Nursing Department, the number of nursing schools in Japan, Act on Public Health Nurses, midwives and nurses, administrative policies of St. Mary's Hospital, their goals, organization of the Nursing Department, definition of continuing education and in-service education, in-service education for nurses, basic structure of Clinical Ladder, evaluation Criteria of the Clinical Ladder System, career development program in the hospital (specialized nurse, certified nurse, certified nursing administratoroals for each level of nurse), support system for newly-hired nurses, goals of the training for newly-hired nursing staff and their task for future.

## O-107
## ПРЕВЕНЦИЈА И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ПАЦИЕНТКИТЕ ЗАБОЛЕНИ ОД КАРЦИНОМ НА ДОЈКА

Слаѓана Самарџиќ, Смилјана Живковиќ, Сузана Вилотиќ, Борјана Милованов, Наталија Хаџивуковиќ
Медицински факултет Фоча

Вовед. Карциномот на дојка е најчесто малигно заболување на жената. Преку 85% случаи на карцином се откриваат во клинички манифестниот стадиум. Целта на истражувањето беше согледување на сестринските интервенции кои влијаеле на формирање на позитивни ставови кои се однесуваат на превенција и квалитет на животот на овие пациенти.
Материјал и методи. Примерокот се состои од 20 пацинетки заболени од карцином на дојка, а како инструмент за инстражување е користен анонимен анкетен прашалник
Резултати. Најголем број на пациентки заболени од карцином на дојка бил во возрасната група од 46-50 години од животот (20%), додека пак во врска со изложеноста на факторите на ризик најголем процент го прави стресот 26,6%) и позитивна семејна анамнеза (23,3%). Само 6,6% од пациентките опфатени со истражувања за јавиле на преглед во асимптоматската фаза на болест.
Заклучок. Најголем број на пациентки од карцином на дојки се јавуваат на преглед кај лекарот во симптоматската фазаз на болеста, што укажува на лош скрининг за откривање на карцином на дојка во раниот стадиум на болеста. Тоа е повод за размислување за организација на скрининг програма на национално и регионално ниво. Секојдневната работа на медицинската сестра со пациентите и дава можност да ја користи секоја ситуација за разговор со нив, да врши континуирана едукација и развој на позитивни ставови кај нив.
Клучни зборови. Карцином на дојка, превенција, скрининг, квалитет на живот.

## P-108
## ПРОЦЕНА НА ИСКУСТВАТА И СТАВОВИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ТРЕТА ГОДИНА НА СТУДИИ ЗА СЕСТРИНСТВО НА УНИВЕРЗИТЕТОТ НА СЈЕВЕР ЗА ЕДУКАЦИЈА, ПРЕВЕНЦИЈА И НЕГА НА ПАЦИЕНТИ СО АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА

Ивана Живодер, Марјана Неуберг, Јурица Веронек
Универзитет Сјевер, Универзитетски центар Вараждин, Студии за Сестринство

'Caring is not for amateurs' – Florence Nightingale
За да се исполнат очекувањата на јавноста, и да се даде грижа која е безбедна и ефикасна, сестринството мора да се базира на докази, знаење, вештини и аналитичко решавање на проблемот. Пациентите сакаат да се обезбеди висок квалитет на грижа и безбедност, достоинството и учтивост, професионалност и интегритет во рамките на етичките и правни норми. Улогата на високо образовани сестри по дипломирањето на студиите за Сестринството е да ја препознаат важноста на своето делување во сите сегменти на здравствена нега преку превенција, заштита, лекување и рехабилитација на луѓето кои страдаат од артрериска хипертензија. Наставната програма и план на студиите по Сестринство мора да ги одразуваат потребите на пациентот и да се истакне неговата централна улога во здравствениот систем. Преку три годишни студии медицински сестри треба да се стекнат со потребните знаења, вештини и компетенции при што како членови на мултидисциплинарни тимови бидат ангажирани во соодветна грижата за пациентот. Целта на трудот е да се проценат искуствата и ставовите на студентите во трета година на студии за Сестринство за едукација, превенција и нега на пациенти со артериска хипертензија. Во истражувањето ќе се користи изработен анонимен прашалник, а истражувањето ќе ги опфати студентите од трета година на судиите за Сестринство. Прикажаните резултати ќе дадат проценка за искуствата и ставовите на медицинските сестри за едукација, превенција и нега на пациенти со артериска хипертензија. Добиените резултати ќе им овозможат на предавачите за можните потреби, како и подобрување на квалитетот во изведување на наставата согласно студиската програма на студиите за Сестринство.
Клучни зборови: артериска хипертензија, искуство, ставови, студии за Сестринство, високо образование на медицински сестри

## O-109
## ИНТРАХОСПИТАЛНИ ИНФЕКЦИИ ВО ЈЗУ„ОПШТА БОЛНИЦА“ СТРУМИЦА ВО ПЕРИОД ОД 2005-2011 ГОД

Котеска, Е., Величкова, Н., Шуманов, Ѓ.
Факултет за медицински науки, Универзитет "Гоце Делчев" , Штип.

Вовед: Интрахоспиталните инфекции, со својата комплексна епидемиологија и патогенеза, претставуваат медицински, етички и економски проблем. Тоа се инфекции кои се добиваат, најчесто додека пациентот се наоѓа на болничко лекување во период од 48-72 часа, но и подоцна.

Цел на трудот е евалуација на интрахоспиталните инфекции е земена ЈЗУ „Општа болница“ Струмица во периодот од 2005 до 2011 год.
Материјал и методи: Користени се мостри (брисеви) од нежива природа (работни површини, работни облеки, стерилизатор и др.), годишни извештаи и податоци од ЈЗУ „Општа болница“ Струмица и Центар за јавно здравје.
Резултатите упатуваат дека во периодот од 2005-2011 год. во ЈЗУ „Општа болница“ - Струмица, просечно се земени околу 400 брисеви, при што најголемиот процент од нив покажуваат негативни резултати, останатите упатуваат на присуство на условно патогени микроорганизми. Најчесто изолирани патогени бактерии во овој период во ЈЗУ„Општа болница“Струмица се:Escherichiacoli,Steptococcusfaecalis и Bacillussubtilis.
Заклучоци: Набљудувајќи ги добиените податоци, можеме да заклучиме дека бројот на недозволени патогени микроорганизми се намалува од година во година, а со тоа и можноста за интрахоспитални инфекции. Се препорачува редовно одржувањето на хигиена во болничките установи, почитување на стандардите за работа, редовните контроли од страна на инспекторатот, а воедно и зголемување на свеста кај пациентите во однос на одржувањето на хигиената во и надвор од болничките услови, со цел самите да се заштитат од дополнителни инфекции.
Клучни зборови: Интрахоспитални инфекции, ризици, превенција, санитарна контрола

INTRAHOSPITAL INFECTIONS IN GENERAL HOSPITAL STRUMICA
IN 2005 TO 2011 (YEAR)

Koteska, E., Velickova, N., Sumanov., G.

Introduction: Intra-hospital infections with their complex epidemiology and pathogenesis, are huge medical, ethical and economic problem. These infections are often obtained while the patient is hospitalized in first of 48-72 hours, or later.
Aim of the paper is evaluation of intrahospital infections in PHI, General Hospital “Strumica in the time from 2005 to 2011.
Material and Methods: Samples are used (swabs) from inanimate nature (desktops, work clothes, sterilizer, etc..), annual reports and data from PHI, General Hospital “Strumica and Center for Public Health.
The results indicate that in 2005-2011 PHI, General Hospital “- Strumica are taken average about 400 swabs with the largest percentage of them show negative results, listed indicate the presence of conditionally pathogenic microorganisms. The most frequently isolated pathogens bacteria in this years in PHI, General Hospital “Strumica are: Escherichia coli, Steptococcus faecalis and Bacillus subtilis.
Conclusions: Watching the obtained data we can conclude that the number of illegal pathogens decreases from year to year, and therefore the possibility of intrahospital infections. It is recommended that regular maintenance of hygiene in hospitals, compliance with performance standards, regular inspections by the inspectorate, as well as increasing awareness among patients in terms of maintaining hygiene in and out of hospital conditions in order to protect themselves from additional infections.
Keywords: intra-hospital infections, risks, prevention, sanitary control

## O-110
## ПРЕВЕНЦИЈА НА ЦЕРВИКАЛЕН КАРЦИНОМ - ТИПИЗАЦИЈА НА HPV ВИРУСОТ СО МОЛЕКУЛАРНИ МЕТОДИ

Слаѓана Арсова1, Биљана Ѓорѓеска2, Софија Петковска2
1 ГАК-Скопје,
2 Факултет за медицински науки, УГД, Штип

Цел: Хуманиот папилома вирус (HPV) е вирус од семејството папилома. HPV инфекцијата, главно, се дијагностицира со молекуларни методи. Молекуларните дијагностички методи овозможуваат идентификација на многу високоризични типови на HPV, со цел за подобра дијагноза и третман на пациентките.
Материлали и методи: Овој труд е изработен на Клиниката за Гинекологија и акушерство во Скопје, во Лабораторијата за молекуларна биологија. Во испитувањето се опфатени вкупно 14.229 примероци во период од пет години, од 2008 до 2012.
Резултати и дискусија: Резултатите покажуваат дека HPV16 е генотип кој најчесто се јавува во сите анализирани примероци.
Заклучоци: Од анализираните податоци може да се заклучи дека има значителен пораст на HPV инфекцијата со зголемување на хистопатолошкиот градус. Исклучително високиот процент на HPV инфекцијата во прекурсорните лезии на цервиксот, особено кај тешката дисплазија и кај Ca in situ кој е забележан во ова истражување корелира со податоците дадени во претходно објавените студии. Резултатите ја оправдуваат потребата за вклучување на HPV анализата како примарна скрининг методаи како додаток на цитолошката анализа.
Клучни зборови: HPV, молекуларни методи, PCR техника

## O-111
## ЗГРИЖУВАЊЕ НА ХРОНИЧНО БОЛНО ДЕТЕ ПРЕКУ ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП

Веана Турук, Дубравка Шимуновиќ
Здравствено велеучилиште, Загреб

Хроничната болест кај децата може да се дефинира како состојба која го попречува секојдневното функционирање на детето или влијае на нормалното функционирање на детето повеќе од 3 месеци во годината, или детето е хоспитализирано поради болест подолго од еден месец во една година, или двете. Хроничните болести кај децата се згрижуваат на ниво на примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита и станунваат приоритет во развиените земји. Со преземање на превентивни активности се настојува што порано да се дијагностицира и правилно лечи хроничната болест, со што би се подобрил квалитетот на живот кај детето, кој често пати е нарушен. Најчести хронични болести од кои заболуваат децата се: астма, невродерматитис, цистична фиброза, хроничен бронхитис, алергија, дијабетес мелитус тип 1, адипозитет, церебрална парализа, епилепсија, разни психички болести и развојни пореметувања, малигни болести, ревматски болести, аутизам и др. Згружувањето на дете со хронична болест е комплексно поради самиот развој на болеста, честите посети на лекар, долготрајната хоспитализација, посебниот режим на исхрана, промената на животните навики, нус ефектите по терапискиот третман, како и вклучувањето на комлексни рехабилитациони програми. За разлика од возрасните на детето му е потребна поголема подршка и помош. Преку холистички пристап децата и родитетлите полесно ја прифаќаат хроничната болест и се прилагодуваат на низа несакани последици и околности, имаат целосно лечење и грижа и се чувствуваат посигурно. На овој начин се настојува да се овозможи подршка и препознавање на барањата и одговорностите на сите кои учествуваат во згрижување на хронично болно дете. Хроничната болест претставува предизвик за децата, родитетлите, здравствените, социјалните и воспитно образовните стручни лица. Преку адекватни мерки на заштита и подршка, тимска работа, современа комуникација, едукација, добра основа преку семејството и околината, детето со хронично заболување може да се развие во здрава индивидуа.

Клучни зборови: хронично болно дете, холистички пристап, семејство, превентивни мерки

## O-112
## ОБРАЗОВАНИЕ И КОМПЕТЕНЦИИ НА ПАТРОНАЖНИТЕ СЕСТРИ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Мара Жупаниќ1, Соња Калауз.2
1 Здравствено велеучилиште, Загреб, Здравствен дом, Загреб-Центар
2 Здравствено велеучилиште, Загреб

Вовед: Денес, според податоците во регистерот на Хрватската комора на медицински сестри, вкупно има околу 32 000 медицински сестри, додека на степен на примарна здравствена заштита во Хрватска работат околу 12 000 медицински сестри од различен степен на образование. Во здравствениот состав на Република Хрватска во патронажна дејност се запослени 877 медицински сестри. Медицинската сестра која работи во патронажната дејност, треба да има најмалку VI степен на образование - прв степен на сестринство. Според стандардите на Хрватскиот завод за здравствено осигурување, патронажните сестри згрижуваат одредено подрачје од 5.100 жители. Називот патронажна сестра потекнува од латинскот збор patronus, што знаи заштитничка, покровителка, бранителка. Во англискиот јазик за таа дејност се користи изразот health visitor, односно здравствен посетител, работник, кој спроведува мерки од здравствена заштита во домот на корисникот.

Компетенции: Здравствената нега претставува заштита на болно и здраво лице. Заштитата на патронажната сестра е ориентирана, претежно кон здрави лица и членови на нивните семејства, но и кон надзор на работата на други здравствени чинители во целокупната заштита.

Светската здравствена организација, 1974 година го дефинирала сестринството во заедницата, како дејност која се грижи за потребите на поединците и фамилијата, но истовремено ги препознава и задоволува потребите на поширокатa популација преку развоен пристап, во кој членовите на заедницата се поттикнуваат да се вклучат во развојни проекти за здравје и добросостојба, во поширока смисла. Низ поливалентен облик на грижа за популацијата, патронажната служба функционира по принципот на превентивна заштита. Препознавањето и третирањето на најразноврсни проблеми на поединецот и фамилијата, ја прават здравствено-социјална како и едукативна дејност. Фамилијата, како темел на заедницата е цел на патронажната служба и во нејзина исклучителна и ексклузивна надлежност. Надлежната патронажна сестра треба да има здравствено-социјална проценка и слика за фамилијата за која се грижи. Патронажната грижа е усмерена кон решаање на две групи на задачи:

• Промовирање и зачувување на здравјето и спречување на болести кај: новороденчиња, доенчиња, мали и предучилишни деца, училишни деца и млади, жени особено за време на бременост, леунство и доење, стари и немоќни лица, лица со зголемени потреби, лица со ризично однесување и лоши животни навики.

• Препознавање, навремено откривање и грижа за болни и немоќни, која се спроведува и таму каде луѓето живеат и работаат, а најчесто во нивните домови.
Клучни зборови: образование, компетенции, патронажна сестра.

## O-113
## HEPATITIS – SHOULD WE FEAR OR BE PREPARED TO DEAL WITH IT?

Nedyalka Boycheva, Yovka Zlatanova, Tsvetomila Valcheva, Deruhi Amudzhiyan, Elitsa Mochovska, Gabriela Guteva
Department of Nursing and midwifery "Faculty of Medicine, Medical University Plovdiv" -Bulgaria

The last decade we witness a boom of Hepatitis B and C on a global scale, to a threatening degree. Many specialists working in this sphere believe that this disease will exceed the incidence of HIV/AIDS.
In Bulgaria, besides the infectious Hepatitis A, which is observed mainly as a seasonal disease and affects predominantly a certain social group, there has been a sharp rise in the incidence of Hepatitis B and C. Yet, our society continues to neglect the problems connected with chronic Hepatitis and its severe consequences. Unfortunately, working medical specialists, mostly nurses, midwives and clinical laboratory technicians, comprise a big share of the affected people, as they are in the closest contact with the patients. That is why our attention is focused entirely on the future medical specialists and their professional training.
Key words: training, hepatitis, personal means of protections, mechanisms of transmission.

ХЕПАТИТИС - ДАЛИ ТРЕБА ДА СМЕ ИСПЛАШЕНИ, ИЛИ ДА СЕ ПОДГОТВИМЕ ЗА ДА СЕ СПРАВИМЕ СО НЕГО?

Недјалка Бојчева, Јовка Златанова, Цветомила Валчева, Дерухи Амуджијан, Елица Мочовска, Габриела Гутева

Во последната декада сме сведоци на се почеста појава на хепатитис Б и Ц во глобални рамки во застрашувачки размери. Многу специјалисти кои работат во оваа област веруваат дека оваа болест ќе ја надмине инциденцата на ХИВ/СИДА.
Во Бугарија, покрај Хепатитис А, кој најчесто се јавува сезонски и зафаќа определена социјални групи, постои остар пораст во инциденцата на Хепатитис Б и Ц. Сепак, нашето општество продолжува да го запоставува проблемот поврзан со хроничниот Хепатитис и неговите тешки последици. За жал, вработените здравствени работници, особено сестрите, акушерките и лаборантите, сочинуваат голем дел од заболената група на луѓе, заради нивниот близок контакт со болните. Затоа, наша цел е да се фокусираме на идните здраствени работници и нивното образование.
Клучни зборови: едукација, хепатитис, начини на лична заштита, патишта на трансмисија

## O-114
## ПОВРЕДИ НА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 2012 ГОДИНА

Цветанка Атанасовска
ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ, Одделение за медицина на труд.

Вовед: Повредите на работа се директно поврзани со карактеристиките на работниот процес и условите на работното место. На секои 15 секунди поради повреда на работа или професионална болест умира еден работник, а се повредуваат 160 работници. Тоа значи дека поради повреда на работа секој ден умираат 6.300 работници, што претставува вкупно 2,3 милиони регистрирани смртни случаи годишно во светот.
Цел: Да се прикажат повредите на работа во Република Македонија во периодот од 2012 година.
Материјал и методи на работа: Во ова истражување користен е епидемиолошки метод на работа. За ретроспективното истражување за анализата на состојбата за повредите на работа во Република Македонија се користени податоците добиени од Институтот за јавно здравје на РМ.
Резултати: Во периодот од 2012 година се забележени 1375 повреди на работа. Во структурата на регистрираните повреди на работа и понатаму најголем број се оние забележани во индустријата и рударството и тоа вкупно 574 повреди или 40% од вкупниот број на регистрирани повреди во Република Македонија во 2012 година. Во вкупниот број на повреди на работа во 2012 година значително повеќе има повредени работници од машки пол.
Заклучок: И покрај напорите и заложбата за воспоставување на современи методи и пристапи за унапредување на професионалното здравје, како што се законски решенија и подзаконски акти за превентивни здравствени прегледи, проценка н аризик, периодични прегледи и мерења, се со цел да се придонесе кон унапредување на професионалното здравје и превенцијата на повредите на работа и професионални болести, тоа не резултира со очекувано подобрување во утврдувањето и/или пријавувањето на професионални болести кај експонираните работници.
Клучни зборови: повреди на работа, безбедност и здравје на работа, медицина на труд.

## O-115
## ПРОВЕРКА НА РАКУВАЊЕТО СО ОСТРИ ПРЕДМЕТИ КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ ВО БОЛНИЦА

1Danica Železnik, 2Mojca Knez, 3Uroš Železnik.
1Visoka šola za zdravstvene vede Slovenj Gradec, Slovenija
2Splošna bolnišnica Slovenj Gradec, Slovenija
3Visoka šola za zdravstvene vede Slovenj Gradec, Slovenija
3Zdravstveni dom Ptuj

Вовед: Острите предмети во болницата представуваат значајна опасност за штетно делување врз здравјето на здравствените работници како и здравствените соработници, бидејќи представува можност за зараза со болести кои се пренесуваат преку крвта.
Цел: Истражувањето беше да се испитаат вработените во болницата за нивното знаење и свест во превенцијата и опасноста при ракување со остри предмети како и знаењето за сопствената сигурност и можност за зараза при ракувањето. Резултатите од истражувањето ќе се користат за изработка на образовни програми со цел зголемување на сигурноста на вработените кои ракуваат со остри предмети.
Методи: За спроведување на истражувањето користена е квантитативна метода. Во истражувањето беа вклучени 364 испитаници, а распределени беа 500 прашалници, што значи 69,2% е реализацијата на примерокот. Податоците се собрани од анкета и методот за користење на болнички податоци од пријавени случаи на повреди со остри предмети. Истражувањето е спроведно во Општата болница Словенска Градишка во декември 2013 година.
Резултати: Добиените податоци покажуваат знаење на здравствените работници како и на здравствените соработници во превенцијата и ризикот од повреди со остри предмети, за познавање на стандадрните сигурносни мерки кај поголемиот број на повреди. Резултатите зборуваат за 97 повреди со 63 предмети, што е многу повеќе од она што покажала анализата од собраните болнички документи за бројот на пријавени повреди. (37). 75% од испитаниците секогаш или најчесто го ставаат поклопецот на користената игла за инекција. Повеќе од половина од испитаниците (55%) од оние кои биле повредени не пријавиле повреда бидејќи сметаат дека постапката за пријавување е многу комплицирана а документацијата прекумерна.
Заклучок: Сметаме дека и покрај знаењето за превенција и опасноста од повреди со остри предмети треба да се превземат мерки за зголемување на сигурноста на работниците кои ракуваат со остри предмети во смисол (обука на вработените за ракувањето со остри предмети, како да се однесува во случај на повреда, ризикот за повреда и нејзино пријавување), како и пружање на алати со сигурносен механизам. После воведување на тие мерки повторно спроведување на истрага за да се утврди успехот од тие мерки.
Клучни зборови: Остри предмети, здравствени работници, здравствени соработници, повреди

## P-116
## КОРЕЛАЦИЈА НА КОРОНАРНИТЕ БОЛЕСТИ И РИЗИК - ФАКТОРИТЕ КАЈ ПАЦИЕНТИ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦАБИТОЛА

Оливера Гареска, Тања Јовановска, Викторија Продановска Стојчевска
Висока Медицинска Школа Битола

Главни фактори на ризик за појава на ИБС се: пушење цигари, хипертензија, зголемување на вкупниот серумски холестерол, дијабетес меситус, мажи постари од 55години и жени после менопауза и возраста. Цел на трудот: приказ на најчестите коронарни болести кај хоспитализирани пациенти во Клиничка болница Битола во 2012година и застапеноста на ризик – факторите за настанување на коронарните болести. Материјал и методи: направено е ретроспективно истражување и студија на пресек кај 30 пациенти хоспитализирани во Клиничка болница Битола. Резултати: од истражувањето направено кај хоспитализираните пациенти произлегува дека по однос на сите ентитети кои се истражени доминира машкиот пол, хипертензија 61%, ангина пекторис 71%, синус брадикардија 56%, кардиомиопатија 60%, стенокардија 70%, акутен инфаркт на миокард 75%, белодробен едем 57%, дислипидемија 70%.Во однос на ризик – факторите, 43% имаат покачено ниво на холестерол, 40% имаат прекумерна телесна тежина, 70% се физички активни, три пати неделно по 30 минути пешачење, 77% не пушат цигари, 47% пушале цигари редовно, само 3% редовно конзумираат алкохол.

## O-117
## ЕФЕКТИТЕНАФИЗИКАЛНАТАТЕРАПИЈАВРЗФУНКЦИОНАЛНАТАСПОСОБНОСТ И КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО М. PARKINSON

Наумовска Л., Јовановска Т.

Паркинсоновата болест е прогресивно, невролошко заболување на екстрапиримидалниот систем, кое се јавува поради заболување на базалните ганглии, односно резултат на губење на мозочните клетки кои

продуцираат допамин. Паркинсоновата болест е најчеста форма на група нарушувања на моторниот систем. Цел на трудот: да се прикаже ефектот од физикалната терапија врз функционалната способност и квалитетот на живот кај пациенти со Паркинсонива болест и да се види функционалната способност и квалитет на живот кај овие пациенти со примена на скалата за функционална независност (FIM)во Клиничка болница "Трифун Пановски" Битола, ЈЗУ ,,Геронтолошки завод" Скопје, Хоспис „Сју Рајдер" Битола, болница „8ми Септември" Скопје, ЈЗУ "Општа болница" Кичево и домашни услови. Материјал и методи: направено е проспективно истражување врз 22 пациенти кои боледуваат од Паркинсонова болест во хоспитални и домашни услови. Резултати: Од вкупниот број испитаници 77% користеле физикален третман, а кај 70% од нив има подобрување на моторната активност. Според FIM скалата најголеми проблеми се: надгледување и минимална асистенција при бањање 68%, облекување и користење тоалет 68%, надгледување и минимална асистенција на трансфер када/туш 86%.Заклучок: кај пациентите кај кај кои е спроведен рехабилитационен програм има подобрување на моторните активности.
Клучни зборови: Morbus Parkinson, квалитет на живот, FIM.

## О-118
## ПРОЦЕНА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ КАЈ ПАЦИЕНТИ ПО ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРЕН ИНСУЛТ

Коцевска М., Јовановска Т.

Цереброваскуларниот инсулт претставува тешко заболување кое го загрозува животот на пациентите и го намалува нивниот квалитет на живот.
Цел на ова истражување: да се направи процена на квалитетот на живот пациентипо цереброваскуларен инсулт со примена на BarthelIndex протокол за онеспособеност,MMSEтест за процена на когнитивни функции, и GDS за процена на депресија.
Материјал и методи: направено е проспективно истражување во Општа болница Кичево спроведено врз примерок од 15 пациенти кои боледуваат од цереброваскуларен инсулт и 10 пациенти кои боледуваат од интернистички заболувања како контролна група на прием и на отпуст.
Резултати:Вредностите на Barthelindex на прием кај пациентите со мозочен удар просечно изнесуваат 31,2 а на отпуст 59,3 , што значи дека квалитетот на живот се подобрува по спроведувањето на третманот и рехабилитацијата. Кај контролната група (Barthel Index на прием изнесува 93,5 а на отпуст 95,1) Кај болните од CVIна отпуст, со примена на MMSE кај 26% има тешко когнитивно пореметување, кај 67% има умерено когнитивно пореметување, кај 7% има лесно когнитивно пореметување. Во однос на депресијата, со примена на GDS кај пациентите со CVI на отпуст 67% имаат депресија, додека кај контролната група само 10% од пациентите има депресија.
Заклучок: раното започнување со третман и рехабилитација кај пациентите со CVI е услов за успешно враќање на овие пациенти во домашната и работна средина, а со тоа подобар и поквалитетен живот.
Клучни зборови: цереброваскуларен инсулт, Bartelindex, MMSE, GDS.

## Р-119
## НЕГА НА БОЛЕН СО КАРДИОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА

Панова Г, Панова Б, Панов Н, Шуманов Ѓ, Газепов С.
Факултет за Медицински науки Универзитет,,Гоце Делчев''-Штип

Вовед: Кардиоваскуларните заболувања (КВЗ) се водечка причина за смрт во Република Македонија. Овој општ термин ги вклучува циркулаторните заболувања како што се мозочниот удар и коронарната артериска болест. Иако бројот на случаи на коронарна артериска болест (КАБ), којашто може да се дефинира како постепено стеснување на артериите кои го обезбедуваат срцето со крв, се намалува, таа сепак останува најчеста причина за смрт во нашата земја.Просечно 1 до 5 мажи и 1 до 6 жени умираат од КВЗ. Ова претставува околу 105 000 смртни случаи годишно.
Цел: Да ги прикаже бројот на лежечки пациенти на Одделението за Интерни болести во Клиничката болница Штип, во периодот од 2010 до 2013 година, со следните заболувања: HTA; Angina pectoris; Infarctus myocardii; Arrythmia cordis; CMP chronic; Цереброваскуларни заболувања; Thromboflebitis; Пулмонална емболија и др.
Методи и материјали: користени се дескриптивен, епидемиолошки и социјално- медицински метод на работа со статистичка обработка на податоците и соодветна стручна литература која ја обработува оваа проблематика.
Резултати: Најмногу се хоспитализирани во 2013 година, вкупно 2931 пациент, а најмалку во 2009 година, вкупно 1300 пациенти,најголем е бројот на пациенти со HTA, секоја година бројот на пациенти со Infarctus myocardii е помал бидејќи најголем дел од пациентите се препраќаат на Клиниката за кардиологија во Скопје, за коронарографија.
Дискусија: Кардиоваскуларните болести се хронични болести кои се јавуваат како водечка причина за смрт кај луѓето во Македонија. Во најголем број случаи долго време остануваат недијагностицирани и во моментот кога ќе се појават првите манифестации истите се јавуваат во вид на ургентни акутни коронарни состојби (во

вид на срцев инфаркт) или мозочен удар (цереброваскуларен инсулт). Ваквите манифестации настапуваат неочекувано брзо и во многу голем број случаи завршуваат со фатален исход пред воопшто да се примени било каков медицински третман.
Заклучок: Со навремено откривање на потенцијалните ризик фактори и со нивна благовремена промена, значително може да се спречи појавата на ваквите ургентни кардиоваскуларни манифестации, а со тоа и прераната смрт на населението.Скринингот – подразбира начин на откривање на заболувањето или неговите ризик-фактори пред тие да станат клинички манифестни.
Клучни зборови:Кардиоваскуларните болести,скрининг,коронарна артериска болест.

## P-120
## СЕПСА

Панова Г., Здравкова В.,Панова Б.Газепов С.Шуманов Г.
Факултет за Медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Р. Македонија

Вовед: Поголем дел од случаите на сепса се јавуваат како резултат на инфекција на уринарниот тракт, белите дробови или перитонеумот. Други извори на инфекција вклучуваат сепса на кожата, меките ткива и централниот нервен систем. Околу 50% од случаите на сепса се предизвикани од грам- негативни бактерии, а помалку од 50% се предизвикани од грам- позитивни бактерии. Поретки причини за сепса се габични инфекции и вируси, како што се ХИВ и протозоите .
Цел: Статистичките извештаи за бројот на заболени од сепса, зголемениот морбидитет, морталитет и причините за нивната појава беа доволен поттик со овој труд да дадам придонес во кој било сегмент од проблематиката поврзана со ова заболување. Главна цел на трудот е дефинирање на причините за зголемениот број на заболени од сепса, нивното влијание врз пациентите и персоналот кој работи во здравствените установи. Материјали и методи: За да добиеме одговор на прашањата формулирани како цел на овој труд, го анализираме покажувањето на статистичкото движење на бројот на сепси и како се движи во Штип преку статистичката обработка на податоците. Во изработката на овој труд е применет дескриптивен метод во прибирање и обработување на податоците со табеларно прикажување на резултатите. Користени се: статистичките податоци кои ќе бидат добиени и обработени од истражувањата направени во ЈЗУ Клиничка болница – Штип
Резултати: Резултатите на одделот за здравствена статистика на Република Македонија со шифрирана дијагноза, и 40 и А41 (септикемија), 25 луѓе биле третирани со овие кодови и дијагноза, од кои 14 се мажи, 11 жени, од 0 до 89 години, сите биле третирани околу 15 дена, и сите 25 пациенти постигне 350 болнички денови пациентите биле од: Штип,Виница,Берово, Делчево,Пехчево,Македонска Каменица и Кочани.
Дискусија: Центрите за јавно здравје и нивните организациски единици ги спроведоа предвидените активности во Програмата за превентивна здравствена заштита за 2012-2013 година во Република Македонија, по однос на спроведувањето на мерките и активностите за следење, спречување и сузбивање на појавата на сепса во медицинските установи на својата територија. Во Институтот за јавно здравје - Скопје се пристигнати пишувани извештаи, информации и годишни извештаи (посебни или збирни), соредбено по години,од центрите за јавно здравје во Р. Македонија за извршените хигиенско- епидемиолошки и профилактички увиди за спроведување на мерките и активностите за контрола, спречување и сузбивање на појавата на сепса.
Заклучок: Стерилизација на застарен начин и хигиена на незадоволително ниво се реалност на македонските јавни здравствени установи. Недозволиво е во 21 век сепсата да биде причина за тешките компликации кај пациентите. Сепсата претставуваат мошне сериозен проблем, во светот и кај нас, а во многу случаи и потежок проблем, отколку што е основната болест на пациентот. Нивната појава се доведува во непосредна врска со медицинските постапки при дијагностички истражувања, лекување, здравствена нега, рехабилитација, но и други постапки во здравствената дејност.
Клучни зборови: сепса,стерилизација, инфекција,хигиена.

## P-121
## ДИЕТАЛНИ НАВИКИ И ПРАВИЛНА ИСХРАНА КАЈ ДЕЦАТА

Панова Г., Здравкова В.Газепов С.ШумановГ.Панова Б.Панов Н.
Факултет за Медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Р. Македонија

Вовед: За здраво поколение потребно е здрав и правилен развој уште од најраното детство. Потребно е правилна исхрана, нега и правилно одржување на личната хигиена. Раното детство е најранливиот период во развојниот стадиум на човекот.Доењето е најздравиот почеток на исхрана кој можете да му ги дадете на своето бебе. Мајчиното млеко ја обезбедува целата енергија и сите хранливи материи кои му се потребни на бебето, а исто така и факторите на растот и имунолошките компоненти кои се важни за заштита од инфекции. Во почетокот на доењето, достапното млеко е побогато со енергија и хранливи материи, додека на крајот на подојот тоа е поретко, овозможувајќи му на бебето да добие повеќе течности.Цел:Правилниот раст и развој на децата скоро во целост зависи од правилната исхрана и диеталните навики на детето. На секое дете мора да му се обезбеди правилно да се исхранува уште од самото раѓање. Секој родител особено секоја

мајка треба да биде навремено обавестена и запознаена со методите и начините на исхрана и диеталните навики на своите деца. Материјали и методи:користени се материјали од најновите итражувања, искуствата на многу родители, и сестрите од патронажната служба во Здравен дом –Кочани, Резултати: Од вкупниот број на 430 породени жени во Општина Кочани во 2013 година 70% од новороденчињата се на доење, а 30% од новороденчињата се на вештачка исхрана. Дискусија: 70% од новороденчињата што се на доење спаѓаат и новороденчињата кои еднаш или двапати во текот на денот покрај подојот примаат и вештачка исхрана, 30% од новороденчињата што се на вештачка исхрана најчесто користена храна се производите на Адаптирани млека : Бебимил 0,1, 2; Хумана 0,1; Бебирон С26;Делимично адаптирани млека : Хумана 1,2;Бебирон 75 ; Лактовит плус ; НАН, Нестле, Пикомил и други;Постојат и други млека со посебна намена : Хумана 9 , Сојамил,и тоа во 20% , а 10% од новороденчињата и тоа најчесто кај ромското население и кај луѓето со помал домашен буџет се користат производите на Лактовит најверојатно поради ниската цена на истиот.
Заклучок: Обезбедување на адекватна и здрава исхрана за децата е одговорност на родителот и на целото општество.Навиките во исхраната на детето се создаваат уште во раното детство и траат до крајот на наговиот живот.Потребата од создавање на силен и здрав потенцијал кој може да им оддолее на заразните и незаразните болести, кои во денешно време се се почести, е императив за сите фактори вклучени во исхраната, растот и развојот на децата. Со правилна исхрана може да се спречи појава на многу болести, на пример: гојазност, дијабетес,остеопороза, алергии и др., и да се осигура правилен и психички развој на детето.
Клучни зборови:Раст и развој, доенче, мајчино млеко, колострум.

## P-122
## УЛОГА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА – ЕДУКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАБЕТ

Панова Г. Шуманов Ѓ. Панова Б. Панов Н. Газепов С.
Факултет за Медицински науки-Универзитет ,,Гоце Делчев‘‘-Штип

Вовед:Дијабетесот е значаен ризик фактор за морбидитет и морталитет од артеросклероза и од неа детерминираните болести- коронарната артериска болест и цереброваскуларната болест. Причината за смрт кај болните со дијабетес во 75% случаи се кардиоваскуларните заболувања. Околу 200 милиони луѓе во светот имаат дијабетес, а во Република Македонија околу 45 000 жители. Во развиените земји, со добра гликорегулација и отстранување на ризик-факторите, успеано е да се продолжи периодот на настанување на васкуларни компликации од дијабетесот. Во Република Македонија просечно време на траење на дијабетесот до настанување на васкуларни компликации е 9-10 години, што е прилично пократко од состојбата на развиените земји.
Цел: трудот има за цел да ги прикаже бројот на лежечки пациенти со дијабетес на Одделението за Интерни болести-КЦ-Штип во периодот од 2009 до 2013 година и бројот на лежечки пациенти со следните компликации: кетоацидоза,нефропатија,невропатија, периферни ангиопатии и ретинопатии.
Материјали и методи:Користени се податоци од Одделението за Интерни болести и направена е консултација со дел од вработените кои учествувале во дијагностицирање и третман на дел од пациентите заболени со дијабетес. За обработка на податоците користени се дескриптивен, епидемиолошки и социјално- медицински метод на работа со статистичка обработка на податоците.
Резултати :Во 2009г.138 пациенти,2010г.123 пациенти,2011г. 180 пациенти,2012г.205 пациенти,2013г.230 пациенти.Дискусија:Бројот на лежечките пациенти со компликации бил 2009г..134,2010г 118,2011г.175,2012г.199,2013г.216, а без компликации 2009г.4,2010г.6.2011г.5,2012г.6,2013г.14.
Заклучок: Шеќерната болест најчесто се јавува во поодмината животна возраст како последица на општите дегенеративни и склеротични промени во организмот, а кај младите лица може да настане поради генетски пореметувања или оштетувања на панкреасот кај одредени заразни заболувања. За намалување на ризикот од појава на дијабет треба да се практикува здрава исхрана (повеќе овошје и зеленчук, намалување на внес на шеќери и сатурирани масти), редовна физичка активност (најмалку 30 мин. на ден), одржување на нормална телесна тежина и избегнување на употреба на тутун.
Клучни зборови: Шеќерната болест,артериосклероза,кетоацидоза,ретинопатија.

## P-123
## ИНТРАХОСПИТАЛНИ ИНФЕКЦИИ

Панова Г., Здравкова В. Газепов С., Шуманов Г., Панова Б.
Факултет за Медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Р. Македонија

Вовед: Појавата на интрахоспиталните инфекции претставува честа појава и е голем проблем во здравствената и социо- економска сфера на денешното живеење. Со својата сеопфатност на појава и ризик од интрахоспиталните инфекции, поттикнува и медицинскиот персонал од различни области да ги следат проблемите и да се надградуваат со познавањето на оваа проблематика.
Цел: Статистичките извештаи за бројот на заболени од интрахоспитални инфекции, зголемениот морбидитет, морталитет и причините за нивната појава беа доволен поттик со овој труд да дадам придонес во кој било сегмент од проблематиката поврзана со ова заболување.

Материјали и методи: Во изработката на трудот е применет дескриптивен метод во прибирање и обработување на податоците со табеларно прикажување на резултатите.Користени се:статистички податоци кои ќе бидат добиени и обработени од истражувањата направени во ЈЗУ Клиничка болница – Штип.
Резултати: Во текот на 2012 година се земени вкупно 804 материјала, од кои 544 (67,6%) материјала од работни површини и медицински помагала за бактериолошко испитување и 260 (32,5%) материјала за испитување на стерилност на воздухот. Од вкупно 544 материјала од нежива средина, кај 535 или 98,3% чистотата е одлична, и кај 8 или 1,4% чистотата е слаба. Чистотата е добра кај 1 материјал.
Дискусија:Центрите за јавно здравје и нивните организациски единици ги спроведоа предвидените аиктивности во Програмата за превентивна здравствена заштита за 2010 година во Република Македонија, по однос на спроведувањето на мерките и активностите за следење, спречување и сузбивање на појавата на ИХИ во медицинските установи на својата територија. Во Институтот за јавно здравје - Скопје се пристигнати пишувани извештаи, информации и годишни извештаи (посебни или збирни), споредбено по години,од центрите за јавно здравје во Р. Македонија за извршените хигиенско- епидемиолошки и профилактички увиди за спроведување на мерките и активностите за контрола, спречување и сузбивање на појавата на интрахоспитални инфекции.
Заклучок: Стерилизација на застарен начин и хигиена на незадоволително ниво се реалност на македонските јавни здравствени установи. Недозволиво е во 21 век интрахоспиталните инфекции да бидат причина за тешките компликации кај пациентите. Интрахоспиталните инфекции (ИХИ) претставуваат мошне сериозен проблем, во светот и кај нас, а во многу случаи и потежок проблем, отколку што е основната болест на пациентот. Нивната појава се доведува во непосредна врска со медицинските постапки при дијагностички истражувања, лекување, здравствена нега, рехабилитација, но и други постапки во здравствената дејност.
Клучни зборови: интрахоспиталните инфекции,

## P-124
## ЕТИЧКИ СТАВ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО АНЕМИЈА

Здравкова В, Панова Г, Џидрова В. Газепов С. Николовска Л. Шуманов Ѓ,
Факултет за Медицински науки „Гоце Делчев“, Штип

Вовед: Анемијата е состојба на намалување на бројот на еритроцитите и количината на хемоглобинот во крвта. Причините се различни. Може да се последица на обилно крвавење или оштетување на црниот дроб и слезинката при акумулација на тешки метали, дефицит на витамин Б12 и друго. Се забележува и кај мали деца кој се хранат само со млеко, во кое има дефицит на железо. Симптоми на анемија се: аритмија на срцевата работа и деградација на ткива, како последица на намален транспорт и снабдување со кислород.
Цел: Покажување на бројот на заболени од анемии во периодот од 2009 до 2013 година, утврдување на типот на анемијата. Детекција на причинители кои доведуваат до појава на анемија, графички приказ на заболените по возраст и пол, утврдување дали инциденцата се намалува или зголемува.
Методи: Во реализација на поставената цел применет е дескриптивен метод, со статистичка обработка и анализа на анемиите во градот Струмица. Прикажување на статистичкото движење на бројот на заболени, нивна детекција, утврдување и проценка преку статистичка обработка на податоците.
Резултати: Според статистичките методи што ги искористивме за изработка на резултатите дојдовме до следните заклучоци. Според првичните резултати согледуваме дека бројот на жени заболени од анемија во споредба со мажитее далеку поголем. Жените со секој менструален циклус губат одредено количество на крв, и бременоста е состојба која може да предизвика појава анемија, заради зголемените потреби на жените од железо, фолати. Дискусија: неинформираност на населението за анемијата ( 2009-2013г)
може да се увидат следниве работи :28,5 % од целокупното население односно една третина од населението е неинформирано за причините поради кои може да се јави анемијата. Малку помал процент на неинформирани луѓе односно 25,2 % од целокупното населението не знаат кои се карактеристичните симптомите на анемијата. Додека 18,5 % од населението се неинформирани за тоа кои од прехранбените производи кои ги има на пазарот содржат железо во поголеми количини.Заклучок:може да се заклучи дека има голем број на неинформирани луѓе кои не знаат за причините поради што се јавува, како и симптомите кои се јавуваат при анемијата. Исто така голем број не се информирани за тоа кој од прехрамбените производи претставуваат извор на железо, фолна киселина, витамини и др. т.е. производите кои се потребни за задоволување на потребните дневни количини за да не дојде до појава на дефицит од истите односно да не дојде до појава на анемија.
Клучни зборови: анемија, етички став, пациенти,

## P-125
## НЕГА НА БОЛНИ СО ДИЈАБЕТЕС КАКО ЈАВНОЗДРАВСТВЕН ПРОБЛЕМ

Здравкова В, Панова Г, В Џидрова, Шуманов Ѓ, Николовска Л.
Факултет за Медицински науки Универзитет„Гоце Делчев“-Штип

Вовед: Дијабетесот денес се вбројува меѓу најчестите ендокринолошки заболувања, со тенденција за

зголемување (особено во развиените земји на светот). Тоа е последица на модерниот стил на живот и зголемениот број на надворешни етиолошки предизвикувачи, меѓу кои посебно се издвојува вишокот на килограми. Шеќерната болест најчесто се јавува во поодмината животна возраст како последица на општите дегенеративни и склеротични промени во организмот (кои го зафаќаат и панкреасот), а кај младите лица може да настане поради генетски пореметувања или оштетувања на панкреасот кај одредени заразни заболувања.
Цел: Да се претстави состојбата на дијабетот во светот и кај нас. Да се прикаже половата распространетост на дијабетот во Штипскиот дијабетен центар. Да се согледа староснaта застапеност на дијабетот во Штипскиот дијабетен центар. Да се воочи процентуалната застапеност на соодветниот третман за дијабет.
Методи и материјали: Користење на стручна литература од областа на интерната медицина. Употреба на податоци од официјалната страна на Светската Здравствена Организација (СЗО). Претставување на Податоци од архивата на дијабетниот центар во Штип.
Резултати: Според податоците од официјалната страна на Светската Здравствена Организација (СЗО), денес во светот, од дијабетес мелитус, боледуваат повеќе од 200 милиони луѓе, односно годишната инциденца е 25 новооткриени на 100. 000 жители, што воедно покажува три пати повеќе нови случаи во изминатите 30 години.
Дискусија: Дијабетот претставува болест која што бележи висока преваленца, а инциденцата од година се повеќе расте, како во светот така и кај нас. Дијабетот претставува заболување чија што инциденца е приближно иста како кај мажите така и кај жените.Оваа заболување својата најголема инциденца ја бележи на возрасна граница од 50 до 59 години.
Заклучок:Се препорачува државата преку своите институции интензивно да работи на менаџирање на болеста пред се правилно регистрирање на сите заболени случаи,нивно редовно пријавување,рано откривање на сите потенцијални заболени и нивна превенција,како и рано соодветно лекување,пред се ран почеток на инсулинска терапија.
Клучни зборови: болест, дијабет, модерно живеење, ендокринолошко.

## P-126
## ЕТИЧКИ СТАВ КОН ПАЦИЕНТИ СО ХИПЕРТЕНЗИЈА

Панова Г, Здравкова В ,Цидрова В,Газепов С,Шуманов Ѓ.Николовска Л.
Факултет за Медицински науки Универзитет,,Гоце Делчев‘‘Штип

Вовед: Хипертензијата е основниот проблем во интерната медицина поради повеќе причини, како што се неразјаснетата етиологија и патогенеза на болеста, како и терапијата. И покрај напредокот во поставувањето на дијагнозата и третманот на хипертензијата, нејзиното влијание врз кардиоваскуларното здравје и понатаму е значајно. Големи клинички студии известуваат за зголемување на преваленцата на резистентната и тешката за третирање хипертензија, дефинирана како крвен притисок (КП) кој е над целниот, и покрај медицинскиот третман со три различни антихипертензивни лекови, вклучувајќи и диуретик. Затоа, истражувањата се фокусираат на развој на нови ефективни терапевтски стратегии за подобрување на менаџирањето и контролата на овие состојби.
Цел: во темава е дефинирање на хипертензијата, причините за настанување, поделбата, значење на болеста, симптоми, компликации, дијагностицирање, терапија и др...
Метод: Во изработката е применет дескриптивен метод во прибирање и обработување на податоците со табеларно и графичко прикажување на резултатите. Резултатите се земени од интерна амбуланта при ЈЗУ Општа болница Струмица и ги опфаќа пациентите од 01 месец заклучно до септември 2013 година.
Резултати:Во 2013 година има пријавено 2500 пациенти од нив 1380 се мажи а 1120 се жени. Дискусија :Пациентите најчесто се на возраст од 53 – 63 години и нивниот број изнесува 1654. Најмногу од нив се невработени и нивниот број изнесува 1094, но висок е бројот и на заболени земјоделци.Застапеноста по место на живеење,од село се 1305, додека од град 1195.Според националност најголем број на заболени се македонци чиј број изнесува 1493, но висок е и бројот на турци кој изнесува 873,
Заклучок: Хипертензијата денеска достигнува пандемични размери во светот и се уште продолжува да расте бројот на луѓе со хипертензија. И покрај развојот на науката и сознанијата од областа на интерната медицина, како и се поновите и посовремените средства за лекување, хипертензијата останува енигма тешка за справување, како за здравствените работници, така и за луѓето со хипертензија.
Клучни зборови:хипертензија,антихипертензивни лекови,едукација.

## P-127
## УЛОГАТА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО ПОДГОТОВКА, ТРЕТМАН И НЕГА НА ПАЦИЕНТ СО SYNDROMA WUNDERIYCH

Јованчевска Д., Панова Г., Газепов С., Панова Б., Николовска Л., Цидрова В., Шуманов Ѓ.
Медицински центар-Кочани, Факултет за медицински науки Универзитет ,,Гоце Делчев‘‘-Штип

Вовед: Претставува комплексно заболување кое вклучува абнормалости на репродуктивните органи

во смисол на дупликации на внатрешните органи кои најчесто вклучуваат унилатерална гинатрезија комбинирано со абнормалности на уринарниот систем од кои најчесто се јавува ипсилатерална агенезија на бубрег.Реналната агенезија во Sindromot Wunderiych е хомолатерална,поради што како и во сите случаи на еднострана агенезија не дава симтоматологија.Другиот бубрег компезаторно се наголемува и ги презема сите функции.Кај првите симтоми на заболувањето се појавуваат обично со манарха,тогаш се формира хематоколпос,хематометра,и/или хематосалпинкс кои ги даваат симтомите на овиј синдром..Се појавува болка во дисталниот дел на абдоменот и палпабилна туморозна маса во малата карлица..Потоа се појавува дисменореа која обично е пропратена со предменструални болки ,кои обично се појачуваат за време на менструалното крварење.Цел: Улогата на дијагностички имицинг методи, со различна сензитивност и специфичност кои се користат поради комплесноста на синдромот.Улогата на медицинска сестра при поставување на дијагноза на најнеинвазивен начин имајќи ја предвид возраста на пациентката.
Комуникација со пациентката и целото семејство. Објаснување за понатамошниот тек на болеста и начини на нејзино решавање. Сугерирање на останатите женски членови на семејството (евентуално присуство на помлади женски членови за консултација со гинеколог.
Материјал и методи:Клинички и дијагностички методи за дијагностицирање,односно улогата на ултразвук, и.в.урографија и компјутерска томографија. Ехо на уринарен тракт и мала карлица,нативна графија на уринарен тракт,И.В. урографија,К.Т.на абдомен и мала карлица.Резултати: Во медицинската литература се сретнува податок за појава на синдромот на секоја 6000 прегледана жена.Кај не се сретнати два случаи во едно семејство.Дискусија: Во литературата се опишани случаи кај кои менструалниот циклус е нормален, па покасно се поставува дијагнозата.Раритетен факт на нашата студија е потврдување на овој синдром во иста фамилија. Во литературата се сретнуваат два одделни случај во светот на појава на Sindromot Wunderiych иста фамилија, едниот кај мајка и ќерка, а другиот случај кај две сестри.Заклучок: е многу ретко но не и исклучително заболување.Дијагнозата се поставува тешко поради : Фактот дека не се мисли на овој сидром. Често станува збор за пациентки во развој, девици кај кои неможат да се извршат сите потребни испитувања во смисол на вагинална ултрасонографија и ХСГ. Улогата на медицинската сестра при поставување на дијагнозата, соработка со пациентот, комуникација со фамилијата на која треба да им се објасни за да побарат преглед на останатите женски членови во семејството бидејќи е еден од основините начини да се открие овој синдром.
Клучни зборови: Sindromot Wunderiych,вагинална ултрасонографија,ХСГ.

## P-128
## ЕТИЧКИ ОДНОС СПРЕМА КРВОДАРИТЕЛИ И ПРИМАТЕЛИ НА КРВ И КРВНИ ПРОДУКТИ

Панова Г., Јованчевска Д., Газепов С., Николовска Л., Панова Б., Шуманов Ѓ.
Факултет за медицински наукиУниверзитет,,Гоце Делчев‘‘Штип

Вовед:Доброволното дарување на крв претставува израз на мали етички, хуманитарни, морални и патриотски вредности, а истовремено и граѓанска должност и обврска на секој човек. Човековата крв е лек, кој едноставно може да се обезбеди со дарување. Да се дарува крв и да се спаси животот на беспомошниот и повредениот кого не го познаваме и кого нема веројатно никогаш да го запознаеме, претставува нешто најубаво и тое е најблагородно дело кое може да го исполни човекот.
Цел : да се напрви преглед на реализираните крводарувања во однос на планираните во подрачјата во подрачјето на Општина Кочани и Македонска Каменица во периодот од 2000 до 2013 година,и да се утврди структурата на крводарителите по пол, возрасна структура, националност и видот на крводарувањата (доброволни и фамилни).
Материјали и методи:Статистички податоци од медицински центар Кочани.
Резултати: Во периодот од 2000 до 2013 година во Кочани и Македонска Камеица се соберени вкупно 13 628 крвни единици. Во сите години е надминат планот од планираните крводарувања.
Дискусија:Најголем бр. на крводарувања се реализирани во 2002 година, планот е реализиран со 171%, т.е. со соберени 1 327 крвни единици.Најмал бр. на соберени крвни единици имаме во 2007 година, но сепак и во оваа година е надминат бројот на планирани крводарувања, реализиран е за 108% , односно соберени се 835 крви единици .Во Општина Кочани и Македонска Каменица еднаш месечно се организираат крводарителски акции.Според структурата на крводарители, најзастапени се доброволните крводарители 628 од кои 580 се мажи, а 48 се жени, од нив 53 се првократни дарители и може да се каже дека тоа е задоволувачка бројка. Вработени се 490 крводарители, невработени се 96, ученици се 19, студенти 16 и пензионери се 7.Според старосната структура и најзастапена е средната генерација.Од вкупниот број 619 се македонци а 9 се останати националности (роми, турци и др.)
Заклучок: Крводарителската служба е служба која се занимава со сигурно и безбедно прибирање на крв и крвни продукти за оние кои имаат потреба од нив. Во крводарителските акции кои се спроведени во Кочани и Македонска Каменица во периодот од 2000 до 2013 година. Соберени се 13.628 крвни единици.При крводарувањето многу важно е дарителот на крв да се смета за клиент кој доаѓа да даде нешто кој за возврат не добива ништо. Само добриот пристап и добриот етички однос спрема дарителот може да биде надомест

за тоа.Воедно, доверливоста е витален дел на професионалното однесување, добиената информација од дарителот е лична и е дадена само да помогне во обезбедување сигурно крводарување. Сето тоа игра важна улога за етичиот однос на дарителите и примателите на крв и крвни продукти.
Клучни зборови: крводарување, дарители,крв.

## O-129
## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ НАВИКИ НА СТАРИТЕ ЛИЦА

Јадранка Урошевић1, Гордана Одовић2, Драган Рапаић2, Младен Давидовић3, Слађана Арсић1
1.Висока медицинска школа струковних студија у Ћуприји, Србија.
2.Универзитет у Београду, Факултет за специјалну едукацију и рехабилитацију, Србија,
3.Универзитет у Београду, Медицински факултет, Србија.

Вовед: Современите пристапи во заштита на старите промовираат пред се превентивни активности кои имаат за цел спречување настанување на компликации од хронични заболувања и функционална зависност во староста, како и предвремена смртност. Животни навики подразбираат вршење на секојдневни активности и извршување на општествени улоги кои го вреднуваат поединецот или неговиот социо-културен контекст, според неговите карактеристики, а кои му обезбедуваат опстанок, развој и придонес во општеството, низ цел животен век. Функционалната способност на старите лица е нивно основно здравствено обележје и критериум за примена на програмата од превентивни здравствени мерки. Целта на истражувањето е да се испита нивото на остварување на животните навики и да се установи значајна разлика во остварување во рурална и урбана средина.
Методи на работа: Примерокот го сочинуваа 100 пациенти од Домот за здравје од Јагодина. Староста на испитаниците се движеше во растојание од 65 до 87 и просечна е 71±5 години. Применет е Прашалник за проценка на животните навики: “Assessment of life habits - Life-H”, (Fougeyrollas P., Noreau L, Bergeron H. i sar. 1998.).
Резултати од истражувањето: Во структурата на испитаниците према остварување на животни навики во однос на местото на живеење, према Mann-Whitney тестот, утврдена е статистички значајна разлика кај следните животни навики: комуникација ($p<0,05$; $p=0,000$), меѓучовечки односи ($p<0,05$; $p=0,000$), образование ($p<0,05$; $p=0,015$) и активности ($p<0,05$; $p=0,000$). Испитаниците во урбана средина имале повисоко ниво на оствареност во комуникација, меѓучовечки односи, образование и активности од испитаниците во рурална средина.
Заклучок: Утврдување на предиктивни варијабли на нивото и задоволството во остварување на животни навики упатува на можност на планирање и изработка на превентивни програми чија примена може да биде значајна кај менувања на животни навики и негативно здравствено однесување.
Клучни зборови: стари лица; животни навики; превентивни програми; Србија.

## O-130
## IMAGING GUIDED BIOPSY OF MUSCULOSKELETAL TUMORS: US AND CT

V.Vasilevska Nikodinovska
University surgical clinic “St. Naum Ohridski”, Skopje, Makedonia

Biopsy plays a central role in management of musculoskeletal tumors. Histological assessment influences the management protocols. Biopsy should be regarded as a final diagnostic procedure prior operation.
Careful planned biopsy is a key for performing a successful biopsy: all necessary imaging have to be completed prior to biopsy and biopsy route should be determined according orthopedic surgeon suggestion.
Assessment of the lesion should be done on the imaging modality that is planning to be used for biopsy. The imaging modality should provide assessment of relevant anatomy, in order to allow a safe approach to the lesion. Ultrasonography (US) offers high soft tissue resolution, allows real-time continuous imaging guidance, multiplanar visualization and identification of tumor neovascularity with Color Doppler US and the relationship of the tumor to the neurovascular bundle. CT affords good visualization of deep localized soft tissue tumors and is a method of choice for biopsy of bone tumors. Three to five samples are standard for histopathological analysis.
Conclusion: Careful planned biopsy is a key for performing a successful biopsy.
Points that should have in mind are: indications and contraindications for performing biopsy; all necessary imaging have to be completed prior to biopsy; the most appropriate imaging guidance modality to be chosen; and biopsy route to be determined according orthopedic surgeon suggestion.

БИОПСИЈА ПРОСЛЕДЕНА СО СНИМАЊЕ ПРИ МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИ ТУМОРИ: US И СТ

В.Василевска Никодиновска
Универзитетска хирушка клиника “Св.Наум Охридски”, Скопје, Мекединија

Биопсијата игра централна улога во раководењето со мускулноскелетните тумори. Хистолошката проценка влијае врз протоколот на раководење со туморот. Биопсијата треба да биде финална дијагностичка процедура

пред операција.
Внимателно испланираната биопсија е клуч за успешно спроведена биопсија:сите потребни снимања треба да бидат направени пред биопсијата и патот по кој ќе се прави биопсијата треба да биде определен според ортопедска хирушка сугестија.
Проценката на лезијата треба да биде направена според модалитетите на снимање кои се планираат да се употребата заради биопсијата.Модалитетите на снимање треба да обезбедат проценка на релевантната анатомија, заради обезбедување на сигурен пристап до лезијата. Ултрасонографијата(УС) нуди висока мекотквивна резолуција, дозволува континуирано водење на снимањето, мултипланарна визуелизација, идентификација туморната неоваскуларизација со Колор Доплер ултра звук и врската на туморот со неоваскуларната формација. Компјутеризираната томографија дава добра визуелизација на длабоко локализираните тумори и е метод на избор за биопсија на тумори на коските. Три до пет примероци се стандард за хистопатолошка анализа.
Заклучок: Внимателно планираната биопсија е клуч за спроведување на успешна биопсија.Главно точки кои треба да се имаат на памет се: индикации и контраиндикации за спроведување на биопсија;сите потребни снимања треба да бидат направени пред биопсијат;да биде избран најсоодветниот модалитет на снимање; и патот по кој ќе се спроведува биопсијата мора да биде одреден од ортопедска хирушка сугестија.

## О-131
## ХРОНИЧНА ОПСТРУКТИВНА БЕЛОДРОБНА БОЛЕСТ

В. Горичанец 1, С. Дечовски 2 , В. Гавровска Лукиќ 3, Н. Дечовски 4
1 ЈЗУ Здравствен дом Скопје – Скопје, 2 ЈЗУ Клиничка болница Штип 3, ЈЗУ Клиника за психијатрија Скопје, 4 ЈЗУ Здравствен дом Штип,

Вовед: Хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), е една од најчестите хронични респираторни заболувања кај возрасната популација, која се карктеризира со прогресивна, парцијално реверзибилна или иреверзибилна опструкција на дишните патишта, како и мукозна хиперсекреција. Лимитираноста на воздушниот проток е асоцирана со абнормален инфламатроен одговор на белодробното ткиво на токсични партикли и гасови. Медикаментозните и рехабилитирачките програми главно се насочени кон подобрување на симптомите и подобрување на толеранцијата на напор.

Цел: Цел на трудот е да се направи преглед и анализа на пациенти со хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), од базата на податоци во Одделението за диспанзерска заштита од белодробни болести и туберкулоза, при ЈЗУ Здравствен дом на Скопје – Скопје, во периодот од 01.01. до 31.12.2013 година.

Материјали и методи: Анализирани се податоци од дата базата на Одделението за диспанзерска заштита од белодробни болести и туберкулоза, при ЈЗУ Здравствен дом на Скопје – Скопје, во периодот од 01.01. до 31.12.2013 година, според пол, возраст резултати од спирометрија, анализирани според златен стандард за одредување на степенот на ХОББ.

Резултати: На Одделението за диспанзерска заштита од белодробни болести и туберкулоза, при ЈЗУ Здравствен дом на Скопје – Скопје, во периодот од 01.01. до 31.12.2013 година, направена е анализа на податоците кај 288 пациенти со дијагностицирана хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ). Од вкупниот број на испитаници 190 биле од женски, а 98 од машки пол.

Заклучок: Според направената анализа, може да се заклучи дека возрасната група кај која со направена спирометрија и добиените резултати во 2013 година, се гледа дека најмногу пациенти се со II стадиум или вредноста на FEV1 е застапена кај 40% од вкупниот број на пациенти.
Клучни зборови: хронична опструктивна белодробна болест, спирометрија, златен
стандард

## О-132
## ПРОФЕСИОНАЛНИ РИЗИЦИ КАЈ ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ОПЕРАЦИОНИТЕ САЛИ

С. Дечовски1, В. Гавровска Лукиќ2 , Н. Дечовски3, В. Горичанец4
1 ЈЗУ Клиничка болница Штип, 2ЈЗУ Клиника за психијатрија Скопје, 3ЈЗУ Здравствен дом Штип, 4 ЈЗУ Здравствен дом Скопје - Скопје

Вовед Професионален ризик претставува сооднос меѓу можноста да се јават негативни ефекти врз здравјето, кои според фреквенцијата и тежината на биолошките и клиничките промени се соодветни на концентрацијата на штетните фактори во средината. Поради природата на работата кај здравствените

работници во операционите сали професионалните ризици се големи.
Цел на трудот е да се направи анализа на објавени епидемиолошки студии поврзани со професионалните ризици кај здравствените работници во операционите сали со цел да се дадат препораки за мерките за превенција и заштита на здравствените работници.
Материјали и методи Направена е анализа на домашни и странски епидемиолошки студии кои се однесуваат на професионалните ризици кај здравствените работници.
Резултати Голем број на студии укажуваат дека здравствените работници во операционите сали подлежат на поголем број на професионални ризици поради нивното работно место. Резултатите покажуваат зголемен ризик од механички повреди (убод од игли 43%, од скалпел (17%), шприцеви (12%) и изложеност на повреди од убод (51,4%), изложеност и ризик од инфекции од патогени микроорганизми 37-62% од Б хепатит, 1.8% од Ц хепатит и ХИВ 0.3%, ризик од проблеми на локомоторен апарат (86,9%), изложеност на бучава, пораст на болести на очи и горни дишни патишта поради дејството на штетни хемиски материи. Поради зголемен статодинамички и психофизички напор, сменска и ноќна работа студиите покажуваат пореметувања на кардиоваскуларен, ендокрин, имунолошки, гастроинтестинален и репродуктивен систем.
Заклучок Професионалните ризици на здравствените работници во операционите сали се многубројни и од нив може да произлезат професионални заболувања како и заболувања поврзани со работното место.
Клучни зборови: операциона сала, професионален ризик, здравствени работници

## О-133

## ВЛИЈАНИЕ НА ЈАВНО ЗДРАВСТВЕНИТЕ ДЕТЕРМИНАНТИ ВРЗ ЗНАЕЊАТА И СТАВОВИТЕ ЗА СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИТЕ ИНФЕКЦИИ И КОРИСТЕЊЕ НА КОНТРАЦЕПЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ВО РЕПРОДУКТИВЕН ПЕРИОД

Н. Дечовски 1, Е. Ќосевска 2, С. Дечовски 3, В. Горичанец 4

1ЈЗУ Здравствен дом ``д-р Панче Караѓозов`` Штип, 2Институт за јавно здравје на Република Македонија, 3ЈЗУ Клиничка болница Штип, 4ЈЗУ Здравствен дом на Скопје-Скопје

Главна цел на истражувањето беше да се направи преглед на влијанието на јавно-здравствените детерминанти врз знаењата ставовите како и користењето на контрацептиви на жените во репродуктивен период од Општина Штип поради давање на препораки за дизајнирање на специфични програми за унапредување на нивното сексуално и репродуктивно здравје.

Материјал и методи Истражувањето е спроведено преку проспективна трансферзална (cross-sectional) студија која беше изработена врз основа на база на податоци добиени од теренско истражување за репродуктивното здравје на жените во репродуктивниот период од Општина Штип, со анкетен прашалник за сексуалното и репродуктивното здравје на жените во Општина Штип. За ова истражување се обработени и анализирани податоци од одговорите на 600 испитанички од Општина Штип по однос на сексуално однесување и користење на контацепција. Целна популација на истражувањето се жени во репродуктивен период од десетте локални заедници во Општина Штип на возраст од 15-49 години поделени во 7 возрасни групи. За тестирање на значајноста во разликите во дистрибуциите на добиените одговори се користени тестови на непараметриската статистика и тоа: Пирсонов или X2 тест (Chi - square test) за два или повеќе независни примероци, Mann-Withney U – тест, Kruskal-Wallis тест, ANOVA - Анализа на варијанса и Tukey HSD test .

Резултати Најголем дел од вкупниот број на испитаничките слушнале за сексуално преносливите болести и тоа во најголем процент за ХИВ/СИДА и кандида. Статистички сигнификантна разлика се доби од анализата на возраста, нивото на образование, националноста, работниот статус и местото на живеење и непознавање на ниту една СПИ и нивните симптоми. Најголемо непознавање на ниту една СПИ и нивните симптоми се регистрираше во возрасната група 15-19 год (23,4%; 39,5%), кај испитаничките со ниско образование (49%; 56,7%), Турчинките и Ромките (50%; 58,8%), корисничките на социјална помош (49%; 58,8%) и жените од локалната заедница 1 (40%; 46,7%). Испитаничките во најголем процент од 94,6% не користеле кондом при првиот сексуален контакт, во најголем дел од 69% не користат кондом при сексуалните односи, а 57,7% од испитаничките воопшто не размислуваат за причините зошто не користат кондом.
Заклучок Во однос на анализата на одговорите од прашалникот може да се заклучи дека целни групи во Општина Штип се младите на возраст од 15-24 години, жените во репродуктивен период со ниско и основно образование, припадничките на муслиманската вероисповест особено Ромите, како и по место на живеење жителите на првата и десеттата локална заедница каде живеат ромското население и населението од руралните средини кои покажаа високо ниво на незнаење за СПИ и нивните симптоми како и некористење на контрацептивни средства особено кондомот.

Клучни зборови: сексуално преносливи инфекции, жени во репродуктивен период, контрацепција

## O-134
## ДЕПРЕСИВНОСТ И РЕЗИЛИЕНТНОСТ КАЈ ЖЕНИ ЛЕКУВАНИ ОД РАК НА ДОЈКА - ПИЛОТ СТУДИЈА

Предавач М-р Д-р Гордана Ристевска-Димитровска (1), Проф. д-р Петар Стефановски (1,2), Проф. д-р Бети Дејанова (3), Проф. д-р Снежана Смичкова (4), Проф. д-р Марија Ралева (5)
1 - Висока медицинска школа Битола, Универзитет Св. Климент Охридски
2 - Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски" Битола, одделение за онкологија
3 - Институт за физиологија - Медицински факултет Скопје
4 - Клиника за онкологија - Медицински факултет Скопје
5 - Клиника за психијатрија - Медицински факултет Скопје

Вовед: Значителен број на пациенти со рак на дојка, во тек на животот со дијагнозата, доживуваат емоцинално страдање во форма на депресивност и анксиозност. Иако значајното ниво на емоционално страдање го намалува квалитетот на живот на пациентите и нивните семејства, сеуште не е добро познато кои одделни психосоцијални фактори придонесуваат кон индивидуалната ранливост за депресија кај болните и лекуваните од рак на дојка. Психолошката резилиентност претставува способност на личноста да го заштити своето ментално здравје кога е соочена со неповолна околност (тешкотија) како што е дијагнозата рак. Во оваа пилот студија, ја истражуваме врската помеѓу психолошката резилиентност и емоционалното страдање кај жените лекувани од рак на дојка.
Материјал и методи: Во оваа пилот студија беа вклучени 17 жени лекувани од рак на дојка, кои одговорија на прашалниците Конор - Давидсон скала за резилиентност и Болничка скала за депресивност и анксиозност, за мерење на нивото на психолошка резилиентност и нивото на депресивност, односно на психолошко страдање. Учество во студијата им беше понудено на жените на кои им било дијагностицирано рак на дојка најрано пред 6 месеци, најдоцна пред 180 месеци од денот на вклучување во студијата. Ја евалуиравме врската помеѓу резилиентноста и депресивноста со корелација помеѓу резултатите од двата прашалници.
Резултати: Постои изразена негативна корелација помеѓу депресивноста и резилиентноста помеѓу испитаниците (r= -0.520, p=0.033). Испитаниците со повисоко ниво на депресивност имаат пониски вредности на тестот за психолошка резилиентност. Не постои статистички значајна корелација помеѓу возраста на испитаниците и нивото на депресивност (r=0.034, p=0.896) и нивото на резилиентност (r=-0.044, p=0.867). Времето поминато од поставување на дијагнозата не корелира со нивото на депресивност (r=0.026, p=0.921). Нема статистички значајна корелација помеѓу бројот на деца во семејството и психолошката резилиентност (r=0.305, p=0.234) и бројот на деца во семејството и нивото на депресивност (r= - 0.129, p= 0.622).
Заклучок: Оваа пилот студија покажува дека психолошката резилиентност може независно да придонесе за пониско ниво на депресивност и психолошко страдање кај лицата лекувани од рак на дојка. Разни психосоцијални интервенции за зајакнување на психолошката резилиентност, може да бидат корисен пристап во надминувањето на психолошкото страдање кај луѓето кои се справуваат со рак на дојка. Потребно е поопсежно истражување за да се потврди влијанието на повисоките нивоа на резилиентност врз психолошкото страдање. Психолошката резилиентност може да се покаже како позитивен заштитен фактор за појава на депресија и други форми на психолошко страдање.

## O-135
## ОБЛИЦИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ ВО СЕМЕЈСТВА СО ДЕЦА ОД 0-6 ГОДНИ

И. Филов, Г.Р. Димитровска, Д. Рајчановска, Т. Јовановска, В.П. Стојчевска
С. Ристевска, Ј. Тутеска, Л. Мирчевска, Т. Наумов, А. Јанкуловска, З. Жоглев

DOMESTIC VIOLENCE IN RURAL AREAS IN REPUBLIC OF MACEDONIA IN FAMILIES WTH YOUNG CHILDREN FROM 0-6 YEARS

Aim of the study is to evaluate attitudes towards violence in famillies that live in rural area in the proximity of Bitola. In the study were included famillies with children aged 0-6 years who live in 11 villages with less than 1000 inhabitants.
Methodology: We gathered information from 113 households; A structured questionnaire was designed for purpose of the study. The data was given by the children's' parents.
Results: 336 adults were included, 172 women and 164 men. Average age of respondents was 40 years and most prominent positions related to violence was in that age group.Generaly, 127 adults (38%) expressed views that support different forms of violence between partners in the family. Neglect of a child is presented as the most common cause of manifestation of violence in the family.(52% ) The distribution of violent events in famlly by gender is equal. Low level of education is related to expressed psychological pressure on partner. (<0.002)
Discussion: In families in rural areas, violent attitudes among partners are represented mostly in the age group of 40 years, with equal distribution between genders. Low level of eduction is risk factor for familly violence

Conclusion: Regardless of the conditions of life in rural areas, there are no differences in the manifestation of family violence by sex; coercion is recognized as violence, which speaks of a certain emancipation of women in the family.

## O-136
## ПРЕКУМЕРНА ТЕЖИНА И/ИЛИ ДЕБЕЛИНА КАКО РИЗИК ФАКТОР КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА

Рајчановска Домника, Пецакова Т., Мирчевска Л., Филов И.
Висока медицинска школа, Битола
Универзитет Св.Климент Охридски, Битола, Р.Македонија

Вовед: Дебелина или обезитас е појава на насобирање на масти во организмот, односно релативен вишок на масно ткиво во велата телесна маса. Оваа состојба во возрасниот период носи зголемен ризик за дијабетес и кардиоваскуларни болести, како и психички потешкотии, од што произлегува нејзиното општествено и социјално значење. Најчест начин за проценка на степенот на дебелина е мерењето на телесната тежина на детето во однос на неговата висина, возраст, пол и телесна градба, користејќи соодветни таблици.
Цел: Целта на трудот е да се утврди колкава е инциденцата на прекумерна тежина и/или дебелина кај предучилишните деца во Битола.
Методологија: Во епидемиолошко ретроспективна студија се опфатени вкупно 894 деца на возраст од три години, кои дошле во Службата за превентивна здравствена заштита на предучилишни деца во Битола, на редовни систематски прегледи во 2013 година. Анализирани параметри беа: телесна тежина, висина, и BMI. BMI беше пресметуван според следната формула BMI=TT(kg)/TV(m)2 и добиените резултати беа анализирани според соодветни таблици. Според нив, децата со BMI>95 перцентили се дебели, од 85-95 перцентили имаат прекумерна тежина или ризик за дебелина, од 5-85 перцентили се нормално исхранети, а помалку од 5 перцентили се потхранети.
Резултати: Во студијата беа иследувани вкупно 894 деца, на возраст од три години, од кои 440 (49.22%) биле машки, а 454 (50.78%) женски. BMI>95 перцентили имале 115 деца, или 12.86%. Од нив 52 (11.82%) биле машки, а 63 (13.88%) женски. BMI од 85-95 перцентили или прекумерна тежина и ризик за дебелина имале 102 деца, (11.41%). Од нив машки биле 46 (10.45%), а женски 56 (12.33%).
Заклучок: Од иследувањето може да се зклучи дека 11.41% од децата на возраст од три години имаат прекумерна телесна тежина за возраст и имаат ризик за дебелина во возрасниот период, а 12.89% биле дебели, почесто женските деца. Заради тоа, превенцијата на дебелината кај децата треба да започне уште во раната возраст. Се препорачува насочување на напорите на лекарите и целокупното општество кон едукација на родителите и вработените во предучилишните установи за промоција на здрава храна и пијалоци, физичка активност и развивање на здрави навики во исхраната на децата.
Клучни зборови: Прекумерна тежина, дебелина, предучилишни деца, ризик, превенција.

OVERWEIGHT AND/OR OBESITY AS A RISK FACTOR IN PRESCHOOL CHILDREN

Rajchanovska Domnika, Pecakova T., Mirchevska L., Filov I.
Higher medical school, Bitola
University St. Kliment Ohridski Bitola, R.Macedonija

Introduction: Fatness or obesity is a phenomenon of the accumulation of fat in the human organism or extra fat tissue in the corporal mass as a whole. This condition in the adult period causes great risk of diabetes and cardiovascular diseases as well as psychical difficulties, due to its Social importance. The most frequent way of evaluation of the level of fatness is measuring the weight of the child regarding its heigh, age, sex and body constitution, using appropriate matrix.
Aim: The aim of this work is to identify the amount of incidence of the overweight and/or fatness at the preschool children in Bitola.
Patients and Methods: In the epidemiological and retrospective study, 894 children were implied at the age of three years who came in the Service of Preventive Health Care of the Preschool Children in Bitola during the regular check up in the year 2013. The analyzed perimeters were weight, height and body mass index (BMI). The BMI status was calculated according the formula BMI=W (kg)/H (m2) and the results were analyzed according the appropriate matrix. So, the children with BMI > 95 percentile are fat, BMI 85-95 percentile are overweight op risk of fatness and BMI<5 percentile have malnutrition.
Results : In the study, 894 children were inspected on the age of 3 years, from whom 440 (49.22%) were male, and 454 (50.78%) were females. The index of the corporal mass bigger than 95 percentile for the age was found at 115 children or 12.86%. From them 52 (11.82%) were male and 63 (13.88%) were female. Index of corporal mass from 85 to 95 or the fatness risk was found at 112 children or 11.41%. Male 46 (10.45%) and female 56 (12.33%).
Conclusion: From the research it can be concluded that the total number of examined children at the age of 3 years or around 11.41 % had BMI from 85-95 percentile, and 13 % had bigger than 95 percentile. The female children were in larger number. Because of this the prevention from fatness should be started since this age. Education of the parents and the employees in the Preschool Organizations for promotion of healthy food, drinks, physical activity is recom-

mended, and also and before everything the development of the healthy habits in nutrition.
Keywords: Overweight, obesity, preschool children, risk, prevention.

## О-137
## ПРЕДИСПИТНА АНКСИОЗНОСТ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ВИСОКАТА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА-БИТОЛА

Канзуровска К., Ристевска-Димитровска Г.
Висока медицинска школа- Битола

Вовед: Анксиозност претставува состојба која се какартеризира со чувство на внатрешна вознемиреност, уплашеност, неоправдан страв дека нешто лошо ќе се случи, пропратено со психомоторна тензија и внатрешен немир. Анксиозноста како состојба е често застапена кај целокупната популација, вклучувајќи ги и студентите. Симптоми со кои се карактеризира се: треперење на мускулите на рацете и нозете, вртоглавици, тахикардија, хиперактивност, препотување и слично.
Цели: Да се испита нивото на анксиозност кај студентите пред испит и да се направи споредба на нивото на анксиозност меѓу студентите од прва и трета година, да се прикажат симптомите со кои се манифестира анксиозноста како и да се истакне важноста на правилниот начин на живот без стрес и претерани грижи со што би се намалило нивото на анксиозност кај студентите.
Материјал и методи: Во истражувањето беа вклучени по 30 студенти од прва и трета година на Високата медицинска школа во Битола кои одговараа на 20 прашања на стандардизираниот прашалник- ZUNG- ова скала за анксиозност. Резултатите се статистички обработени и прикажани графички и табеларно.
Резултати: Од обработените резултати може да се види дека кај студентите просечното ниво на анксиозност изнесува 42.7 кај оние од прва година и 40.3 кај студентите од трета година, од прва година 10 од 30 студенти покажале симптоми на лесно до средно ниво на анксиозност, а 2 на средно до тешко ниво, додека кај трета година има 7 студенти со лесно до средно ниво и 1 студент на средно до тешко ниво на анксиозност, со што може да се забележи дека има статистички значајна разлика ($p<0,001$) помеѓу нивото на анксиозност кај студентите од прва и трета година.
Дискусија и заклучок: Кај студентите на ВМШ просечно преовладува нормално ниво на анксиозност, нивото на анксиозност е повисоко кај студентите од прва година што е разбирливо бидејќи тие се на почеток од студирањето за разлика од студентите од трета година на кои ова им е последен семестар. Треба да се пристапи кон здрави животни навики и позитивен поглед кон животот без претерано непотребно грижење со што би се елиминирале високите нивоа на анксиозност.

## О-138
## УЛОГАТА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО ТРЕТМАНОТ НА БОЛНИ СО ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНИ ИНСУЛТИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

Петра Лукаровска, Гордана Ристевска,
Средно медицинско училиште, Прилеп
Висока медицинска школа, Битола

Вовед: Заболувањата на циркулаторниот систем во современиот свет покажуваат постојана тенденција на зголемување и заземаат значајно место во морбидитетот и морталитетот на популацијата, што претставува сериозен медицинско- епидемиолошки и социо-економски проблем. Целта на ова истражување е да се открие застапеноста на цереброваскуларните болести (ЦВ) во општина Прилеп за период од 2004 / 2005 година и да се предложат мерки за превенирање, третман и негување на болните со цереброваскуларни болести од сестрински аспект спрема условите и приликите во кои луѓето живеат во општина Прилеп.
Материјал и методи: Испитувањето е реализирано во ЈЗУ Општа болница Прилеп. Користени се дневниците за хоспитализација од одделението за невропсихијатрија во 2004 и 2005 година. Податоците се собрани по пат на прашалник (име и презиме, година на раѓање, пол и тип на цереброваскуларната болест).
Резултатите покажуваат пад на бројот на случаите со ЦВИ лекувани амбулантски, додека има нагол пораст на случаите со интрацеребрални крварења и транзиторна исхемична атака лекувани амбулантски. Се уочува пораст на бројот на ЦВ болести во општина Прилеп за период 2004/2005 година кои резултати одговаараат на светските показатели за пораст на бројот на заболени од овие болести. Во 2005 год од ЦВ болести се заболени 130 мажи или 51% и 129 жени или 49%. Луѓето што живеат во градот заради побрзиот начин на живот, начин на исхрана, стресни ситуации се поваќе изложени на овие болести. ЦВИ во општина Прилеп има тенденција на покачување што се забележува со бројот од 278 болнички лекувани случаи во 2004 година и 332 болнички лекувани случаи за 2005 година. Церебралниот инфаркт доминира во севкупниот број на цереброваскуларни заболувања и тоа 168 случаи во 2004 година и 176 случаи во 2005 година.

Предлог мерки: Потребно е одделување на невролошкиот дел од психијатрискиот и посовремено опремен отсек за интензивна нега на болни со ЦВИ, формирање на посебни регистри и обрасци според законот за здравствена заштита на Р. Македонија во кои регистри ќе бидат опишани факторите на ризик, дијагностицирањето, лекувањето и рехабилитацијата на секој поединечен случај. Запознавање на населението со последиците од артериската хипертензија, шеќерната болест, употребата на алкохолот, пушењето и други негативни однесувања кои се штетни за човечкиот организам.

## О-139
## СОЦИО-ЗДРАВСТВЕНИ АСПЕКТИ НА АЛКОХОЛИЗМОТ КАЈ МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА

Мирчевска Л (1)., Мојсоска С (2)., Рајчановска Д. (1), Филов И.(1)
1. Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, Висока медицинска школа- Битола
2. Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, Факултет за безбедност - Скопје

Вовед: Алкохолизмот претставува значаен проблем со огромно социо-медицинско значење. Се проценува дека денес во светот има повеќе од 50 милиони алкохоличари, со поместување на инциденцата кон помладите возрасни групи. Цели: е да се прикаже бројот и структурата на испитаниците-младинци, според пол, возраст, начин и место на користење алкохол, видови алкохолни пијалоци, ставови за одделни прашања поврзани со користење алкохол кај младата популација. Материјал и методи: спроведено е анкетното истражување кај популација на возраст од 15-18 год, во Битола, во диско клубови, на улица, во кафулиња и на други места во месеците: септември, октомври, ноември 2013 год. кај 220 испитаници. Резултати: повеќе од испитаниците се од машки пол, најчесто на возраст од 18 год. Користат алкохол редовно и понекогаш, почесто момчињата (86.62%). Заради подобро расположение се користи алкохол околу 36.71%. Во кафулиња и диско клубови младите користат алкохол околу 21.53% Од видовите алкохолни пијалоци најупотребувано е пивото (56.33%), а барем еднаш се опијаниле 27.22%. Консумирање на алкохол во семејствата (57.73%) е значајно за користењето алкохол кај младите. Но, во голем процент 1/3 (30.00%) од испитаниците не се информирани за штетните ефекти по здравјето. Заклучок: Анализата на резултатите од истражувањето покажуваат дека младите луѓе на возраст од 15-18 год, коннсумираат алкохол во голем процент. Потребна е голема контрола од страна на училиштата, вклучување на здравствените работници, во здравствено-воспитната активност, работа со родителите, активности на локалната самоуправа, невладиниот сектор, медиумите во превенцијата за сузбивање на алкохолизмот кај младата популација.

Abstract

Introduction : Alcoholism is an important problem with vast socio - medical significance. It is estimated that today in the world has more than 50 million alcoholics, moving the incidence at younger age groups. Goals: to show the number and structure of respondents - young peoples , by sex, age, place and manner of use of alcohol, type of alcoholic beverage, views on certain issues related to alcohol use among young. Material and methods: the survey is conducted among population aged 15-18 years, in Bitola, in disco clubs, on the street, in bars and elsewhere in months: September, October, November 2013, among 220 respondents . Results: more of respondents are male, mostly aged 18 years. Use alcohol regularly and sometimes, more often boys (86.62%). For better mood used alcohol around 36.71%. In cafes and disco clubs youth used alcohol around 21.53 % of the most frequently, used types of alcoholic beverages is beer (56.33 %) and were drunk at least once 27.22%. Consumption of alcohol in families (57.73%) is significant for alcohol use among youth. But, a large percentage of 1/3 (30.00%) of respondents were not informed about the harmful health effects. Conclusion: The analysis of the results of the survey, show that young people aged 15-18 years, drink of alcohol in large percentage. Need a great control of the schools, including the health workers in health educational activities, work with parents, activities of local government, NGOs, the media in prevention to combat alcoholism among the young population.

## P-140
## УЛОГА И НЕГА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА КАЈ БОЛЕН ПРИ ИЛЕУСНА СОСТОЈБА – БИЛИЈАРЕН ИЛЕУС
## ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Гордана Стојановиќ
Универзитетска хируршка клиника Св.Наум Охридски Скопје

Вовед: Негата на болниот игра голема улога во крајниот исход на болниот. Од тука произлегува и важноста на истата во целокупниот третман на пациентите. Една од честите состојби во абдоминалната хирургија која бара интензивна терапија и нега претставува илеусната состојба. Трудот претставува приказ на случај на

билијарен илеус кој е третиран оперативно.
Цел: Да се укаже на улогата на медицинската сестра во предоперативната и постоперативната нега кај пациенти со илеусна состојба т.е. билијарен илеус во конкретниов случај.
Материјал и методи: Билијарен илеус е оптурационен илеус кој настанува со премин на еден поголем или повеќе помали жолчни камење низ билиодигестивна фистула во цревото. Трудот претставува приказ на случај на осумдесет годишна пациентка хоспитализирана со симптоми за акутен холециститис и брз развој на механички илеус. По направените иследувања ( РТГ нативна на абдомен, ехо и РТГ на гастродуоденум со гастрографин кој покажаа холецистодуоденална фистула и голем калкул во тенкото црево кој предизвикува обструкција ) следеше оперативен третман ентеротомија и отстранување на калкулот.
Резултати: Постоперативно следеше интензивна терапија и нега од страна на медицинскиот персонал кој резултираше со комплетен опоравок на оваа пациентка.
Заклучок: Добрата предоперативна припрема и постоперативна нега од страна на медицинскиот персонал на пациентите во илеусна состојаба играат голема улога во целокупниот третман и опоравок кај оваа тешка состојба.
Клучни зборови: билијарен илеус, оперативен третман, постоперативна нега

## О-141
## КОНТРОЛА НА УПРАВУВАЊЕ СО Е-ОТПАД

Кети Гроздановска

Отпадна електрична и електронска опрема (ОЕЕО) или е-отпад се повеќе претставува предизвик за владите во светот. Околу 50 милиони тони е-отпад се генерира секоја година во светот,1 без изгледи за намалување на генерираниот е-отпад. Исто така,производството на електроника е бизнис кој бара многу материјали и енергија, со значително еколошко и општествено влијание, како на почетокот така и на крајот на производниот циклус.
Е-отпад е сложена мешавина од опасен и неопасен отпад; исто така содржи вредни супстанции кои можат повторно да се искористат, но тоа е процес кој може да не донесе профит. Според тоа, традиционалните политики за производи и отпад не можат лесно да се применат и кај електрониката. За е-отпад треба да се примени посебна сегрегација и
третман, со механизам за финансирање за да се обезбеди безбедно управување со истиот, на долг рок. Исто така, за почеток, треба да се најде и начин за намалување на генерираниот отпад.
Политиките и системите кои се на сила во Европа (на пример, оние поставени со Директивата за ОЕЕО и оние во Швајцарија и Норвешка) и во други земји покажуваат дека е возможно безбедно и еколошко управување со е-отпад.
Сепак, некои земји се уште немаат воспоставено такви системи. Поради тоа, се уште сме сведоци на прилив од е-отпад од побогати земји кои имаат капацитет да се справат со е-отпадот на безбеден и правен начин, па се до земји кои тоа го немаат. Со тоа се покажува нечесната распределба на трошоци и придобивки од дигиталната револуција.
Општо земено, според наодите од ова истражување, Република Македонија значително заостанува во поглед на е-отпадот, посебно ако се спореди со развиените земји во Европа.

## О-142
## ВЛИЈАНИЕТО НА ИНСТИТУЦИОНАЛНОТО СМЕСТУВАЊЕ НА СТАРИТЕ ЛИЦА НА ЗАДОВОЛСТВОТО ОД ЖИВОТОТ

Снежана Јоциќ, Рада Ацковска, Тања Јовановска, Викторија Продановска Стојчевска

Со оглед дека вонинституционалната заштита е еден од најхуманите и најрационалните видови на згрижување, постои општа согласност дека е потребно да се поттикнува понатамошниот развој на домашното лекување и нега, бидејќи на овој начин може да се превенира институционализација и значајно да се зачува квалитетот на животот во годините на длабока старост. Ако не постојат услови да се постигни соодветен квалитет на животот, се организира сместување (со согласност од пациентот или семејството ) во посебни институции наменети за стари лица. Цел на трудот: да се процени задоволството од животот на старите лица во институционални и во домашни услови. Материјал и методи: истражувањето претставува студија на пресек и се однесува на проценка на задоволството од животот на две групи од по 20 пациенти. Резултати:кај испитаниците, сместени во институцијата старски дом “Сју Рајдер” – Битола, задоволството од животот (според применетата скала) се движи во следните граници: 15% од нив се незадоволни од кои 67% се жени, 35% индиферентни од кои 71% се мажи, 30% средно задоволни од кои 83% се мажи и 20% потполно задоволни каде процентот за пол изнесува 50% спрема 50%. Кај испитаниците кои живеат дома, според скалата за задоволство од животот, задоволството е следно: 25% се индиферентни од кои 60% се жени,

45% се средно задоволни од кои 67% се жени и 30% се потполно задоволни каде 83% се жени, додека пак незадоволни нема. Заклучок: задоволството од животот е поголемо кај оние луѓе од трета животна доба кои живеат во своите домови.
Клучни зборови: геријатрија, стари лица, квалитет на живот, задоволство од живот.

## О-143
## НЕГА ПРИ ВИСОКА ТЕМПЕРАТУРА КАЈ ДЕЦА

Јулијана Петровска
ПЗУ-ДР Вангел, Битола

Во нашата пракса најчест проблем со кои се среќаваме е високата температура кај децата, каде што ние сестрите се грижиме за правилно намалување со користење на методи и лекови. Во оваа презентација ке се задржиме на најчестите причини кои доведуваат до зголемување на температурата, како и основните превентивни мерки за нејзино намалување.

## О-144
## ФУНКЦИОНАЛНА ПРОЦЕНКА КАЈ ПАЦИЕНТИ ЗАБОЛЕНИ ОД МУЛТИПЛА СЛЕРОЗА

Грамосли Оливер
ЈЗУ Геронтолошки завод, 13 Ноември, Скопје
Хоспис Суе Ридер - Битола

Вовед: Мултиплата склероза е често заболување на ЦНС од кое се заболени повеќе од еден милион луѓе, која ги инвалидизира заболените во младата и средна возраст. Таа спаѓа во групата на демиелинизирачки заболувања. При изработка на ова истражување, се поставени следните цели: Да се направи ревијално истражување за Берг Баланс Тест; за примена на ББТ; за ефектот од ББТ; несаканите ефекти од ББТ, сопствени искуства, примена на прашалник за квалитетот на животот кај пациенти со МС- (MSQOL)-54 Скала на замор (FSS).
Материјал и методи: Направено е ревијално истражување на медицинскиот канал www.pubmed.org за примена на БЕРГ ТЕСТОВИ ЗА БАЛАНС.
Резултатите од трудовите се групирани според примената на ББС и постигнатите ефекти од неговата примена. Даден е и прашалник кој претпоставува инструмент со кој што се испитува квалитетот на животот во последните четири недели кај пациенти заболени од МС- (MSQOL)-54.
Дискусија: Како еден од најдобрите функционални баланс тестови е балансот на Берг Скалата сметана за златен стандард, широко користен клинички тест за статичка и динамичка рамнотежа. Овој тест може да се администрира пред третманот на стари лица и пациенти со МС, паркинсонова болест, вртоглавица, кардиоваскуларни болести и заболувања на дишните патишта. Балансот на ББТ може да се примени и по неколку месеци од третманот, и да се утврди дали третманот е ефективен за зголемување на функционална мобилност на пациентот.
Заклучок од истражувањето на испитаникот со помош на (MSQOL)-54. Гледаме дека енергијата и сексуалните функции се на 50% и физичкото и емоционалното здравје се со малку повисок скор т.е 60%. Заклучок од истражувањето на испитаникот со помош на скала за замор (FSS) физичката кондиција битно влијае на исполнувањето на секојдневните задачи (мотивирање за работа, активности, психичките функции, одговорности и социјален живот.)